# ЦРВЕН КРСТ ОХРИД

# ИЗВЕШТАЈ
## за работа во 2025 година

**март 2026 г.**

# ВОВЕД

И во годината што измина бевме дел од секојдневието на луѓето кои се соочуваа со разни предизвици, но бевме и со оние кои сакаа да бидат со Црвен крст Охрид за да се чувствуваат исполнето и среќно. Особено сме горди што желбата за волонтирање и поддршка на заедниците е секогаш присутна во нашата средина. А со помош на нашите волонтери од сите генерации успеавме да бидеме поблиску до нашите корисници на услуги и сите заедно преку хуманитарната работа градевме доверба, градевме сочувство, мир и толеранција и верба во подобро утре.

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2025 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2025 година.

Во оваа јубилејна година за Црвен крст Охрид, одбележавме 80 години од делувањето на нашата организација, 10 години од Меѓународниот аматерски театарски фестивал „Вдиши театар“ и 15-години од работата на Центарот за развивање животни вештини, Бреинобреин - Црвен крст Охрид.

Црвен крст Охрид преку своите активности за заштита и справување со катастрофи, заедно со одговорните институции даде посебен придонес во надминување на последиците од катастрофи и активно продолжи да работи на подигање на свеста на населението, обезбедување на материјална помош и обуки за човечките ресурси со цел да бидеме подготвени за справување со последиците од климатските промени и сите елементарни катастрофи кои се секојдневие од нашето живеење на овие простори. Дадовме посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Континуирано го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Младите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Социјалните активности имаа посебно место во нашата работа во изминатата година. Работевме и ги интегриравми лицата во трето доба, обезбедувавме поддршка за најмладите, ги помагавме хендикепираните, социјалните случаи, работевме со бездомниците, и раздвоените како резултат на миграции.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и иницираме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население. Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право и обезбедување на хуманитарна заштита. Работевме и спасување на вода и планина. И уште многу други активности кои се прикажани во годишниот извештај на нашата организација кој со големо задоволство сакаме да го споделиме со вас.

Нашите постигнувања се поттик за повеќе работа. Нашите предизвици се наша мотивација. Благодарност до сите наши волонтери, партнери и вработени што дадоа придонес во остварувањето на нашите цели.

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2025та година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

**РАКОВОДЕЊЕ**

Во текот на 2025 година беа одржани 10 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид, а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 2 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2026 г.

**Свеченост по повод одбележување на јубилеј 80 години од основањето на ЦКРСМ**

Локалниот настан по повод одбележување на јубилејот 80 години од основањето Црвен крст на Република Северна Македонија за доделување на јубилејни признанија на Општина Охрид и Општина Дебрца се одржа на 10.03.2025 г., во Големата сала на Општина Охрид, со почеток во 12:00 часот. Овој настан се отвори со едно кратко видео подготвено од ЦКРСМ по повод јубилејот 80 години од основањето на ЦКРСМ, а потоа свое обраќање имаше Претседателот на Црвен крст Охрид Сашо Точков кој нагласи дека низ годините голем број волонтери дале свој придонес и печат и токму со овие настани им оддаваме почит и признанија. Црвен крст Охрид е организација која брои голем број волонтери, активисти, членови, луѓе кои се навистина хумани, посветени на хуманоста и одвојуваат од слободното време за да помогнат на тие на кои им е потребно. Исто така ги наведе и програмите со кои работиме како што се: Детски час за приказни, Бреионобреин програмата, Полетарче, Вдиши театар, Меѓународната програма „Силна алка“, Оперативниот центар и обуката на самите луѓе, Планинската спасителна служба со 24 часовната поддршка на територијата на пет општини. Преку реализација на бројни активности и иницијативи низ годините Црвениот крст на РСМ и општинската организација придонесуваат за подобрување на условите во заедницата. Во оваа насока ја нагласи и соработката со локалните власти, поддршката која меѓусебно ја даваат и општинската организација и локалните самоуправи во насока на градење хумано општество.

По неговото обраќање преку кратко видео имаше претставување на активностите и иницијативите на ЦКСРМ, а потоа се обрати и Претседателот на ЦКРСМ Ромел Велев кој истакна дека Црвен крст Охрид е една од поуспешните во РСМ која со своите активности има придонесено многу за тоа како денес изгледа Црвениот крст со неговата големина и успешност како и дека многу е важна соработка со општините, бидејќи ние ништо не можеме да направиме без поддршката од општините. Таму каде има можност или општината има можност, тука се прават и проекти како за бездомните лица, луѓето во посебен ризик, но важно е дека поголем дел од општините во државата се свесни за потребата од хумано дејствување и ЦКРСМ има добро ниво на соработка на ниво на целата држава. Активностите на организацијата, како и изминативе години ќе бидат со поголем акцент насочени кон потребите за помош на старите лица и лицата со посебни потреби.

По повод 80 годишниот јубилеј и соработката на Црвен крст Охрид со локалните самоуправи, на градоначалниците на Општина Охрид и Општина Дебрца им беа доделени јубилејни признанија кои имаа и свое обраќање пред присутните каде се заблагодарија за соработката со Црвен крст Охрид низ текот на годините и ги потенцираа позитивните искуства од досегашната соработка посочувајќи дека истата ќе продолжи и во иднина. Настаните кои Црвен крст Охрид и локалните самоуправи заедно ги организираат, но и меѓусебната поддршка не само што носат позитивни промени генерално во нашата заедница, туку и се настани кои во иднина треба што почесто да се одржуваат и во што поголема мера да им се излезе во пресрет и на граѓаните и на оние потреби кои ги има и општината и Црвен крст Охрид.

По завршувањето на официјалниот дел, се одржа кратка дискусија со присутните, кои ги споделија своите искуства и сеќавања поврзани со долгогодишната соработка со Црвен крст Охрид. Во дискусијата учествуваа волонтери од Клубот на млади, Клубот на стари лица, обучени лица за прва помош, крводарители, како и претставници од Општина Охрид, кои заеднички реализирале активности во рамки на КОВИД-кризата, а присуствуваа и други активни членови и соработници на организацијата.

На самиот крај беше прикажана кратка видео-презентација со активности на Црвен крст Охрид од изминатите години. Воедно, беше најавено дека на 13 јуни 2025 година ќе се одржи голема свеченост по повод 80-годишниот јубилеј од основањето на Црвен крст Охрид, а на 14 јуни ќе го одбележиме и 10-годишното постоење на Меѓународниот аматерски младински театарски фестивал „Вдиши театар“.

**Јубилеј 80 години Црвен крст Охрид**

Во прекрасен амбиент на летната сцена на „Долни Сарај“ во Охрид, во присуство на бројни охриѓани и гости, почитувачи, подржувачи на активностите на Црвен крст Охрид, на 13.06.2025 година, достојно беше одбележан јубилејот 80 години од основањето и непрекинато делување на Црвен крст Охрид. Со многу емоции и возбуда беше истакната улогата и придонесот на сите оние што биле и се дел од 8 деценискoто патување на Црвен крст Охрид и одадена почит на основачите, на волонтерите, вработените, на соработниците, поддржувачите, донаторите, на институции и на генерации охриѓани кои несебично дарувале време, срце и енергија и со својата доверба и соработка ја правеле и ја прават возможна работата на Црвен крст Охрид.

На оваа свеченост беа доделени и највисоки јубилејни признанија-плакети на Јованка Стурлакова-Коровешовска и Соња Стурлакова-Димовска за нивниот преку 50 годишен ангажман и придонес за развој на Црвен крст Охрид. Јубилејни плакети беа доделени и на организациите на Црвен крст Бамберг, Германија, Црвен крст Суботица, Црвен крст Крагуевац, Црвен крст Ужице, Србија и Црвен крст Бар, Црна Гора во знак на почит и благодарност за долгогодишна и континуирана соработка во многу заеднички проекти и резултати, што придонесле за надградба на капацитетите и развој на нашата организација.
Беше истакната и успешната соработка на Црвен крст Охрид со други организации на Црвен крст од Холандија и Норвешка и долгогодишната плодна соработка со организацијата Canadians for Children at Health Risk-CCHR (Канаѓани за деца во здравствен ризик), од Торонто, Канада.

По завршување на официјалниот дел присутните имаа можност да се запознаат со дел од ресурсите и опремата на поедини области на делување на Црвен крст Охрид во делот на Подготвеност и дејствување при катастрофи, делувањето на спасителите на вода, Планинската спасителна служба, тимовите за прва помош, работата на младите, Нега Центарот, Програмата за грижа за стари лица и директно да разговараат со волонтерите вклучени во активностите.

Осумдесет годишното делување на Црвен крст Охрид и одбележувањето на овој јубилеј нека биде потсетник дека хуманоста е нашето најсилно оружје, дека секој мал гест на добрина може да направи голема разлика во животот на некого. Инспирирани од минатото и мотивирани за иднината можеме да создаваме нови генерации волонтери и да изградиме заедница во која ќе се грижиме едни за други останувајќи верни на мисијата – човекот на прво место.

Свеченоста беше запечатена со апел и ветување дека ќе го зачуваме пламенот на хуманоста жив, дека ќе продолжиме по истиот пат – со отворени срца, со цврста волја и со верба во добрината, да останеме гласот на надежта, светлина во темнината, сила што обединува и помага и светилник на хуманоста што инспирира.

## ДИСЕМИНАЦИЈА И ПХВ

### ДИСЕМИНАЦИЈА

Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 217 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Весна Терзиоска, Јованка Сион Доленц, Иво Георгиевски и Лина Јоноска.

### НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ

"На страната на хуманоста"– тоа е мотото со кое Црвен крст Охрид со низа активности, го започна одбележувањето на 8ми мај-Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Неделата на

Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај. По тој повод на 08.05.2025 г., најпрвин делегација на Црвен крст Охрид и Здружението „Анри Динан“ од Струга, волонтерите од Клуб на млади и од програмата за Грижа за стари лица од Црвен крст Охрид, положија свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан, основоположникот на движењето на Црвениот крст.

Активностите на Црвениот крст продолжија и во Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај каде беа одржани дисеминациски сесии со најразлични целни групи каде учесниците беа запознаени со мисијата на Црвениот крст, принципите на движењето и активностите најголемата хуманитарна организација во светот. со цел да се истакне хуманоста и солидарноста како вредности кои треба да се негуваат и практикуваат од мали нозе во текот на целиот живот.

**Дисеминациски сесии**

- Дисеминациска сесија со ПХВ младинци - Во рамки на новиот ЦКА-ПХВ циклус на 15.02.2025 година се одржа дисеминација за новите ПХВ младинци од страна на дисеминаторот Лина Јоноска и нејзиниот помошник Иво Георгиевски. На работилницата 30 младинци се запознаа со движењето на Црвен крст, принципите на организацијата, амблемите и нивното значење, како и активностите на младите. Дисеминацијата за Црвен крст е важен дел којшто мора да го помине секој волонтер, со цел да ги знаеме основите за нашата организација, како да се однесуваме кога сме дел од неа и најбитно од се', кои можности ни ги нуди Црвениот крст и каде се можеме да ја покажеме нашата хуманост.
- Дисеминациска сесија со Клуб на млади - Во рамки на одбележување на Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8 до 15 мај под мотото "На страната на хуманоста", на 08.05.2025 година, на последниот редовен состанок на Клубот на млади се одржа дисеминациска сесија со волонтери од Клубот на млади од Црвен крст Охрид. На оваа работилницаа присуствуваа 15 волонтери кои има можност подобро да се запознаат со историјата на Црвениот крст, мисијата и порака што ја шири Црвениот крст како и подобро да се запознаат со активностите кои ги реализираме**.**
- Дисеминациска сесија со деца од БОБ програма - На 09.05.2025 година, волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид одржаа дисеминациска сесија со деца кои ја посетуваат БОБ програмата. На оваа работилница присуствуваа 10 деца, кои преку интерактивни игри подобро се запознаа со историјата, мисијата и активностите на Црвениот крст.
- Дисеминациска сесија со деца од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - На 12 мај, во посета на Црвен крст Охрид беа дечиња од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“, објект Централна. За време на посетата, тие ја слушнаа приказната за формирањето на Црвениот крст и Црвената полумесечина и за целите на Движењето, а и научија што значи да се биде волонтер на Црвенот крст. Оваа дисеминациска сесија ја одржа Јованка Сион Доленц, долгогодишен волонтер на Црвен крст Охрид.
- Дисеминациска сесија со ученици од ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец - На 09.09.2025, на часот по слободен изборен предмет Прва помош, беше одржана дисеминација за значењето на Црвен крст со учениците од V одделение во ООУ „Ванчо Николески” од страна на дисеминатор, педагогот Весна Терзиоска, истовремено и потпретседател на Црвен крст Охрид. Учениците се запознаа со значењето на движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, чија мисија е да го штити човечкиот живот и здравје, со важноста на Црвениот крст и неговата подготвеност за справување со непредвидени ситуации, повреди или здравствени состојби. Учениците беа запознати со: Идејата за хуманост од страна на швајцарскиот трговец Анри Динан; Заштитниот знак – Црвен крст на бело поле и Црвена полумесечина; Принципи на Црвен крст; Формирањето на Црвен крст во Република Северна Македонија;. Посебен акцент беше ставен на волонтирањето како процес, на придобивките од истото (како за волонтерот, така и за заедницата), карактеристики на волонтерот и можностите за волонтирање во ЦК Охрид. Беше прикажано и видеото U2. Беа присутни 21 ученик од V оделение и од нивна страна беше покажан особен интерес, прашања, коментари и дискусии. Тие активно се

вклучуваа во дискусија, владееше позитивна атмосфера. Беа задоволни од дисеминацијата, а покажаа и заинтересираност да станат волонтери на Црвениот крст.

- Дисеминациска сесија со ученици од ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец – На 12.09.2025 година, со ученици од IV одделение беше реализирана дисеминациска сесија во форма на презентација, односно работилница со интерактивни вежби и дискусии од страна на дисеминатор, педагогот Весна Терзиоска. Оваа презентација имаше за цел да ги запознае учениците со движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина како меѓународно хуманитарно движење, чија мисија е да го штити човечкиот живот и здравје, за важноста на Црвениот крст и неговата подготвеност за справување со непредвидени ситуации или здравствени состојби. Најпрво учениците беа запознаени со Движењето Црвен крст и Црвена полумесечина, историјатот на движењето, основните принципи, употреба и заштита на амблемот, работењето на ООЦК Охрид (основните програми, но и програмите плус). Посебен акцент беше ставен на волонтирањето како процес, на придобивките од истото (како за волонтерот, така и за заедницата), карактеристики на волонтерот и можностите за волонтирање во ЦК Охрид и што значи да се биде волонтер на Црвен крст. Беше прикажано и видеото U2. Беа присутни 24 ученици од IV оделение и од нивна страна беше покажан особен интерес, прашања, коментари и дискусии, како и заинтересираност за еден ден да постанат волонтери на нашата организација. Дисеминацијата беше успешно реализирана и предизвика голем интерес. Учениците беа исклучително мотивирани, заинтересирани, вклучени во вежбите и дискусиите и покажаа интерес за волонтирање во Црвен крст Охрид. Одржувањето на вакви презентации е од голема важност за зајакнување на знаењето и вештините на учениците.
- Дисеминациска сесија со волонтери од Клуб на стари лица „Најди време“ - Во рамки на одбележувањето на Неделата за грижа на стари лица (17–23 ноември), на 19.11.2025 година, на редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид се одржа меѓугенерациско дружење заедно со членовите на групата за грижа на стари лица „Најди време“. Младите волонтери имаа можност да се поврзат со постарите членови, да слушнат нивни искуства и да дознаат повеќе за работата и активностите на групата „Најди време“. Исто така, долгогодишниот волонтер и дисеминатор Љупчо Милковски одржа кратка дисеминациска сесија за историјата и принципите на Црвениот крст, потсетувајќи нé на вредностите кои нѐ обединуваат. Им упатуваме голема благодарност на членовите на „Најди време“ за одвоеното време, поддршката и искрената приказна што ја споделија со младите.
- Дисеминациска сесија со волонтери од Клуб на млади - На ден 16.10.2025 година, на редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид се одржа димесинациска сесија на која присуствуваа над 30 волонтери. Волонтерите се запознаа со историјата и мисијата на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Преку едукативна презентација беа објаснети седумте основни принципи – доброволна служба, универзалност, хуманост, непристрасност, неутралност, независност и единство – како темел на секоја волонтерска активност и израз на вистинска хуманост.

**ЦКА-ПХВ 2025**

Во рамките на Националната програма на Црвен крст на Р.Македонија, Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), која повеќе од 20 години се спроведува во Македонија, младите учат за културата како систем на вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество, и при тоа се поттикнати да бидат активни и да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата.

Во 2025 година во рамки на ПХВ циклусот на три последователни обуки беа обучени младинци од средните и основните училишта во Охрид каде тие го добија првичното знаење за ПХВ програмата и за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Дисеминаторот Лина Јоноска и помошник дисеминаторот Иво Георгиевски ги припремија ПХВ младинците за тоа како да излезат на терен и да изработат свој мал проект. Во рамките на овој ЦКА – ПХВ циклус успешно се завршени четири проекти и 27 обучени ПХВ младинци.

**ЦКА ПХВ Проект „Растеме со природата“**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше разубавување на дворовите во градинките ЈОУДГ "Јасна Ристеска" - Охрид и истовремено едуцирање на децата кои се образуваат во истите преку интерактивни едукации и работилници. Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше интересна акција за да ги соберат потребните финансиски средства: „Слатка мисија“ - хуманитарна продажна акција за продавање колачиња во соработка со РЦСОО „Ванчо Питошески“ – Охрид.

Во рамки на својот проект, групата опфати 350 дечиња од вкупно 6 градинки. Исто така, реализира број креативни и едукативни работилници со дечињата на повеќе теми:

- Хигиенизација - во рамки на Неделата на Хигиенизација од 8 до 15 Април
- Важноста на правилна лична хигиена
- Работилници за рециклирање
- Садење садници и цвеќиња
- Крајна активност: садење цвеќиња во форма на симболот на Црвен крст

Младинци на овој проект: Андреа Билбилоска – лидер, Ирина Шоргиќ, Ада Мустафа, Стефани Ристоска, Михаела Јованоска

**ЦКА ПХВ Проект „Светот на тишината “**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше прикажување на вистинските услови во кои се наоѓаат луѓето со оваа попреченост и да се подучат на основите на знаковниот јазик за на глувите и наглуви лица да им се олесни учеството во општеството и комуникацијата со другите негови членови како и да се овозможи медиум на основно разбирање во важни институции кои работат во итни ситуации.

Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше интересна акција за да ги соберат потребните финансиски средства: „Час за забава“ - акција од забавен карактер исполнет со друштвени игри, спортски активности, тимски предизвици, караоке и многу насмевки и дружење.

Проектот беше соработка со Здружението за глуви и наглуви лица - Охрид, со кои младинците реализираа повеќе работилници и едукации:

- 6 работилници за дружење и меѓусебно запознавање на редовните состаноци на здружението
- Заедничко планинарење
- Едукативна работилница за учење на основи од знаковниот јазик за волонтери и вработени во Црвен крст Охрид
- Дополнително беа изработени и информативни постери – „Речник на знаковен јазик“, кои беа дистрибуирани во здравствени установи низ градот, за полесна комуникација со лица со оштетен слух.

Младинци на овој проект: Милица Костовска – лидер, Маркус Голев Мабуа, Кирил Гашоски, Климент Гашоски, Антонио Јосифоски.

**ЦКА ПХВ Проект „Нови корени“**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше подобрување на основните услови и подигнување на квалитетот на секојдневниот престој на згрижените лица ЈЗУ Општа Болница Охрид - оддел Геријатрија. Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше број интересни акции за да ги соберат потребните финансиски средства:

- „Час за забава“ - акција од забавен карактер исполнет со друштвени игри, спортски активности, тимски предизвици, караоке и многу насмевки и дружење.

- „Мала Белегзија, Голема Разлика“ - хуманитарна продажна акција на рачно изработени белегзии.

Благодарение на собраните средства и донации младинците успешно:

- Ги малтерисаа и исфарбаа ѕидовите
- Поставија нови сијалици
- Ги освежија вратите со нов слој на боја
- Поставија електрична брава за зголемена безбедност

Дополнително, беше одржана обука на тема: „Користење на системот за контролиран влез и излез од одделението“. На обуката присуствуаа 15 вработени од одделот, а истата беше наменета за подобрување на безбедносните протоколи и за зголемување на ефикасноста при движењето во рамки на одделението.
Младинци на овој проект: Елена Павловска – лидер, Јована Шутароска, Ива Коческа, Теона Глигороска, Давор Толоманоски, Христијан Јованоски.

**ЦКА ПХВ Проект „Насмевката нема јазик“**

ЦКА-ПХВ проект со цел да се да се врати изгубената поврзаност помеѓу децата од различни култури. Со креативни идеи и работилници дојде до поттикнување на креативноста, дружбата и соработката во тек на циклусот. Групата младинци за успешно да ја достигне целта за време на циклусот организираше интересна акција за да ги соберат потребните финансиски средства: Movie Night - со филмот „Fast and Furious“ во соработка со Универзитетот за информатички науки и технологија „Св. Апостол Павле“ .

За време на ЦКА-ПХВ циклусот, групата реализираше креативни, едукативни и забавни работилници со својата целна група на теми:

- Дисеминација за Црвениот крст
- Креативна работилница: Запознавање на култури преку хамери
- Боење на гипсени фигури
- Учење на македонско, албанско и турско оро
- Game Day
- Treasure Hunt
- Тим билдинг работилница

Дополнително, групата организираше два настани за одбележување на крајот на својот проект:

- „Различни култури - Едно срце“ - краен интеркултурен настан
- „Насмевката нема јазик“ - изработка на мурал на ѕид

Младинци на овој проект:Теофанија Костовска – лидер, Анастасија Србиноска, Ивана Велкоска, Радован Колоски, Емилија Целеска

**ПХВ настан**

Традиционално како дел од ЦКА-ПХВ програмата, секоја година во периодот од 21 до 27 септември се одбележува Неделата на промоција на хумани вредности преку која се пренесува порака за унапредување на социјалната вклученост, култура на ненасилство и мир, согласно Стратегијата 2030 на Црвениот крст на Република Северна Македонија. На 26.09.2025 година Црвен крст Охрид, во своите простории, организираше завршен настан за ЦКА-ПХВ 2025 на кој беа презентирани овогодинешните ПХВ проекти, реализирани од страна на младите волонтери. На ЦКА-ПХВ 2025 циклусот, волонтерите на Црвен крст Охрид изработија 4 проекти, кои сите беа оценети со високи оценки.

# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Недела на срцевосадови заболувања**

Во рамки на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Неделата на срцево-садови заболувања (21-28 февруари), Црвен крст Охрид, под мотото „Здрав живот, здраво срце" организираше низа активности насочени кон превенција и заштита од срцево-садовите заболувања.

- На 22.02.2025 година, Црвен крст Охрид на градскиот плоштад организираше информативен штанд и штанд за мерење на крвен притисок. На нашиот штанд граѓаните имаа можност да:
  -Бесплатно да го измерат својот крвен притисок и да добијат информации за неговото значење и како да го одржувате во нормални граници.
  -Се информираат за превенција на срцево-садовните заболувања – што можете да направите денес за да го заштитите вашето срце утре?
  -Добија совети за здрав начин на живот – исхрана, физичка активност, контрола на стресот и други корисни препораки.
  -Дознаа повеќе за мисијата на Црвен крст Охрид и како можете да станете дел од нашите активности и хуманитарни иницијативи.
  Срцево-садовните заболувања се еден од водечките здравствени проблеми во светот. Високиот крвен притисок, неправилната исхрана, недостатокот на физичка активност и стресот се само некои од факторите кои го зголемуваат ризикот. Превенцијата и навремената грижа за здравјето можат значително да ја намалат можноста за срцеви компликации.

- На 24.02.2025 година во соработка со ЈЗУ Специјализирана болница за кардиоваскуларни заболувања-Охрид во просториите на Црвен крст Охрид се реализираше едукативно предавање за ризик факторите, превенција, третман и лекување на болестите на срцето и крвните садови, кое д-р Бранка Милачиќ, специјалист кардиолог, го одржа на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -"Најди време" и пензионерите од Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца.

**Недела на борба против рак**

Посветени на своите активности во Здравствено-превентивната дејност, а во рамки на одбележувањето на Неделата на борба против ракот од 1-8 март, под мотото „Подигни свест, победи рак", Црвен крст Охрид организираше активности насочени кон подигање на јавната свест кај општата популација за превенција и навремено дијагностицирање на малигните заболувања.

- Црвен крст Охрид организираше предавање-разговор со Академик проф. д-р Миле Д. Миќуновиќ за малигните заболувања со акцент на рак на простата, која се одржа на 03.03.2025, во просториите на Црвен крст Охрид. Целта на ова предавање беше да се подигне свеста за малигните заболувања, со фокус на ракот на простата, кој претставува еден од најчестите карциноми кај мажите. Ќе се разгледаат факторите на ризик, симптомите, дијагностичките методи и достапните опции за третман.

- Во рамки на одбележувањето на Неделата на борба против рак, Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираше работилница за изработка на розеви панделки во знак на поддршка на оние кои живеат со рак. Во текот на работилницата беа изработени околу 100 панделки, а истите беа поделени на граѓаните на Охрид од страна на волонтерите на Општинска организација Охрид. Розевата панделка е глобален симбол за свесност и поддршка за пациентите со рак. Овој симбол останува еден од најмоќните во медицинската и хуманитарната кампања, инспирирајќи милиони луѓе ширум светот да се вклучат во борбата против оваа болест.

**Недела на хигиенизација**

Секоја година во периодот од 8 до 15 април традиционално се одбележува Неделата на хигиенизација. Оваа година под мотото „Хигиената - лична обврска за колективно здравје“ . Црвен крст Охрид се приклучи кон одбележувањето на оваа недела со работилници на темата со најмалите и најмилите членови на нашиот град. Во рамките на одбележување на Неделата на хигиенизација беа спроведени 3 едукативни работилници во кои беа опфатени околу 300 дечиња на иницијатива на волонтерите на Клубот на млади и младинците на овогодишниот ЦКА-ПХВ еколошки проект во градинката ЈОДУГ "Јасна Ристеска" во објектите: „Централна“, „Развигорче“ и „Билјана“. Работилниците имаа за цел да ја подигнат свеста кај децата за значењето на личната и колективната хигиена преку едукативни и забавни активности. Преку интерактивни презентации, игри и практични примери, децата учеја како правилно да се грижат за своето здравје и хигиена во секојдневниот живот.

**Светски ден и Недела на борба против туберколоза**

- Во рамките на одбележување на Светскиот на борба против туберкулоза на редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид на 26.03.2025 се одржа едукација на тема „Да! Можеме да ставиме крај на ТБ...“. На оваа едукација волонтерите имаа можност да научат некои карактеристични симптоми за туберколозата и нивна превенција. Едукацијата беше одржана од страна на долгодишен волонтер, демонстратор, тренер за прва помош - др. Георги Ставрески.

- По повод одбележување на Неделата на борба против туберкулоза, од 14 до 21 септември. Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираше работилница за изработка на црвени панделки во знак поддршка на оние кои живеат со туберкулозата. Во текот на работилницата беа изработени околу 100 панделки, а истите беа поделени на граѓаните на Охрид од страна на волонтерите на Општинска организација Охрид. Црвената панделката е симбол на солидарност – покажува дека стоиме заедно со заболените и со оние кои се борат за искоренување на болеста. Таа служи како „потсетник“ дека туберкулозата сè уште постои и дека превенцијата, раната дијагноза и третманот се клучни.

**Светски ден и Недела на борба против дијабетес**

- Црвен крст Охрид, традиционално ја одбележува Неделата на борба против шеќерна болест во периодот од 10 до 16 октомври 2025 година. Целта на оваа кампања е да се подигне свеста за тоа што претставува дијабетесот, колку е распространет во светот, и како може да се спречи неговата појава преку промоција на здрави животни навики. По тој повод, денес – 16.10.2025 година, заедно со д-р Георги Ставрески, ги посетивме вработените во ТППЕ Охрид - Пожарна и КПУ Затвор Охрид, каде што разговаравме за значењето на навременото откривање и превенција на дијабетот. Темата на овогодинешната кампања беше: „Здрави животни навики во превенција на дијабетес“– со фокус на важноста од редовни прегледи, здрава исхрана, физичка активност и информираност. Околу 40 вработени имаа можност да го измерат нивото на шеќер во крвта и да добијат индивидуални совети и препораки од д-р Ставрески. Им благодариме на институциите за соработката и на сите присутни за интересот. Заедно креираме поздрави заедници.

- Во пресрет на Светскиот ден на дијабет – 14 ноември, Црвен крст Охрид во соработка со Здружението на лица со дијабет тип 1 од Охрид, организираше едукативно-забавен настан на пешачката патека кон Горица.  Посетителите имаа можност да го проверат нивото на шеќер во крвта, да се информираат за превенција и правилен начин на живот, но и да се вклучат во лесна физичка активност во духот на здравјето и заедништвото. Целта на овој настан беше да се подигне свеста за дијабетесот, да се поттикне здравиот стил на живеење и да се покаже дека со поддршка, информираност и движење – можеме да водиме поквалитетен живот.

**Светски ден на менталното здравје**

- Работилница за менталното здравје и психо-социјалната поддршка –

По повод Светскиот ден на менталното здравје, што се одбележува секоја година на 10 октомври, на 06.10.2025, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа работилница посветена на менталното здравје и психо-социјалната поддршка. Учество во работилницата зедоа волонтери на Општинска организација Охрид кои учествуваат во спроведувањето на програмата за грижа за стари лица „Најди време“. Работилницата беше поделена на два дела: Во првиот дел се зборуваше за значењето на менталното здравје и за најчестите нарушувања на менталното здравје кај постарата популација. Во вториот дел се зборуваше за значењето на давањето психо-социјална поддршка во кризни/итни ситуации и за принципите на пружање психо-социјална поддршка. Работилницата ја одржаа Ранко Раткушиноски и Катерина Наумоска.

- Работилница за ментално здравје

Во рамки на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу Црвен крст Охрид и Црвен крст Møre og Romsdal Røde Kors, во периодот од 10 до 12 октомври 2025 година, 8 волонтери од Црвен крст Охрид учествуваа на работилница за ментално здравје во хотел Солферино, Струга. Преку интерактивни активности, нашите волонтери учеа како да ги препознаваат и изразуваат емоциите, како да градат респектна и емпатична комуникација, како и што значи да се создаде простор каде секој се чувствува сигурен, прифатен и свој. Искрено се заблагодаруваме на волонтерите и тимот од Црвен крст Møre og Romsdal Røde Kors за оваа прекрасна можност за учење, дружење и споделување искуства. Овие заеднички активности не само што ја продлабочуваат нашата поврзаност, туку и ја зајакнуваат соработката меѓу двете организации на Црвен крст – создавајќи силни врски на пријателство, доверба и хуманост што ќе продолжат да се градат и во иднина.

- Подигање на свеста за менталното здравје и активното стареење

На ден 29.10.2025 година, по барање на Здружението на пензионери на општина Охрид и Дебарца, од страна на Црвен крст Охрид беше одржано предавање по повод Меѓународниот ден на старите лица (1 октомври) и Светскиот ден на менталното здравје (10 октомври). Предавањето опфати две теми: „Ментално здравје кај старите лица“ и „Состојбата на старите лица во светот, Македонија, Охрид и Дебарца“. Настанот беше наменет за членови на здружението и имаше за цел да ја подигне свеста за важноста на менталното здравје и активното стареење. Присуствуваа околу дваесетина пензионери, кои со голем интерес ги следеа излагањата и отворија плодна дискусија за предизвиците со кои се соочуваат постарите лица во секојдневниот живот, како и за можните начини на подобрување на нивниот психосоцијален статус. Настанот заврши со заклучок дека е потребно почесто организирање вакви едукативни средби за поддршка на менталното здравје и благосостојбата на старите лица.

- Работилница на тема „Превенција на менталното здравје кај младите осуденици“

Во рамки на веќе воспоставената долгогодишна соработка помеѓу Црвен крст Охрид и КПУ Затвор Охрид која вклучува превентивно-здравствени, едукативни и креативни работилници, овој пат се реализираше нова и значајна работилница на тема: „Превенција на менталното здравје кај младите осуденици“. Работилницата се одвиваше во пријатна и инспиративна атмосфера, поттикнувајќи отворен дијалог, взаемна поддршка и интерес за нови теми кои ќе бидат обработени на идните средби. Заедно создаваме простор за разбирање, промена и личен раст. Ова работилница се реализира во рамки на одбележување на Светскиот ден на менталното здравје - 10 Октомври.

**Светски ден и Недела за борба против ХИВ/СИДА**

- По повод 1 Декември – Светскиот ден на борба против ХИВ/СИДА, и во рамките на одбележувањето на Неделата на борба против ХИВ/СИДА, волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид делеа црвени панделки низ кафулињата и јавните простори во Охрид. Панделките, како симбол на поддршка, имаат цел да ја подигнат јавната свест за ХИВ/СИДА и важноста од превенција и информираност. Црвената панделка, создадена во 1991 година, претставува симбол на солидарност со лицата кои живеат со ХИВ. Таа го насочува вниманието кон

значењето на навременото тестирање, пристапот до лекување и намалувањето на стигмата и дискриминацијата.

- На 01.12.2025 година, во рамките на одбележувањето на Неделата за борба против ХИВ/СИДА (1–7 декември), Црвен крст Охрид организираше едукација на тема превенција од ХИВ/СИДА во ООУ „Братство Единство" – Охрид. Целта на овие едукации е да се зголеми знаењето кај младите, да се подигне свеста и да се создаде поколение кое е информирано, одговорно и подготвено да донесува здрави и безбедни одлуки. Едукаторот, др. Јованка С. Коровешоска ја пренесе пораката дека превенцијата, навременото тестирање и точната информираност се клучни за намалување на ризиците и борба против стигмата. Со вакvirите активности продолжуваме да градиме посилна, посвесна и подобро информирана млада заедница.

- На 04.12.2025 година, се одржа едукативно предавање во Затвор Охрид со младите осуденици. Предавањето го водеше Др. Георги Ставрески, долгогодишен волонтер во Црвен крст Охрид, кој преку стручни и практични информации ја истакна важноста од превенција, навремена проверка и подигнување на свеста за ХИВ/СИДА.Продолжуваме посветено да работиме на едукација, поддршка и зачувување на здравјето на младите.

Целта на Неделата за борба против ХИВ/СИДА е да се подигне свеста за ризиците од ширење на вирусот, да се поттикне редовно тестирање, како и да се обезбеди поддршка и подобар квалитет на живот за лицата кои го носат вирусот. Најважен чекор останува раното откривање и навремената едукација

**Предавање со специјалист по ендокринологија**

Соработката на Црвен крст Охрид со Референтниот Центар на Жан Митрев Клиника во Охрид во делот на здравствено-превентивната дејност продолжи и оваа година. Овој пат се посветивме на ендокринологијата и дилемите и проблемите кои постојат кај општата популација, децата и младите, поврзани со вишок на килограми, дисбаланс на метаболизмот, нивото на шеќер во крвта, тегоби со штитната жлезда и друго. На настанот што се одржа на 01.02.2025 година, присутните имаа можност да закажат и индивидуална средба и бесплатна консултација, за евентуални симптоми, тегоби и здравствени проблеми поврзани со темите. Голема благодарност до Д-р Џулиана Михајловска, специјалист по ендокринологија од Жан Митрев Клиника Скопје, која беше со нас за едукација и консултации.

**Светски ден за ретки болести**

На 28.02.2025 година, на Светскиот ден за ретките болести, волонтери од Црвен крст Охрид, во соработка со Младинската и Ученичките заедници, беа дел од настанот „Гушни за ретки". Целта на настанот беше подигнување на свеста за ретките болести и поттикнување на емпатија и поддршка за лицата кои живеат со нив. Со симболични прегратки, сакаме да испратиме порака дека никој не е сам и дека заедно можеме да создаваме поинклузивно општество. Овој настан ни покажа колку е важно да бидеме гласот на оние кои се помалку слушнати. Со секоја прегратка, со секоја насмевка и порака на поддршка, заедно изградивме мост на разбирање и солидарност.

**Едукативно предавање: Како да ги препознаете и спречите алергиите?**

Како резултат на соработката на Црвен крст Охрид со Канцеларијата на Референтниот центар „Жан Митрев" клиника во Охрид, на 27.03.2025 година, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа едукативно предавање за алергиите со д-р Димче Марковски, специјалист по оториноларингологија во „Жан Митрев" Клиника кој разговараше со сите заинтересирани за алергиските реакции предизвикани од прашина, полен, мувла, грини, намалувањето на имунитетот предизвикано од стрес, како и за стратегиите за справување со овие проблеми. Алергијата е имуно-посредувана хиперсензитивност која се јавува кога телото е сензибилизирано на алергии. Најчести причини за алергии се иритантите на дишните патишта (прашина, грини, полен, мувла). Друга група за алергија се лекови и храна, зачини и одредени бои во

конзервирана и подготвена храна. Имунолошкиот систем претставува комбинација од специфични молекуларно компоненти, клетки и органи чија функција е заштита на организмот од патогени микроорганизми и надворешни влијанија и чистење на организмот од оштетени или нефункционални клетки. Но, ако клетките и органите редовно не ги добиваат сите потребни нутриенти, минерални и витамини, антиоксиданси, нашиот имунитет нема да го обезбеди потрбното ниво на одбрана на организмот. Информирајте се за правилна, ефикасна и активна грижа за сопственото здравје.

**Светски ден на здрвјето**

По повод Светскиот ден на здравјето, 7-ми април, Црвен крст Охрид спроведе неколку активности со цел да придонесе кон поттикнување на здравите навики во заедницата:

- На волонтерите од програмата „Грижа за стари лица – Најди време“ им беше измерен крвниот притисок и шеќерот во крвта. Покрај тоа, присутните имаа можност да добијат совети за одржување на нормални вредности на притисокот и на шеќерот, како и препораки за подобрување на нивната општа здравствена состојба. Овие активности беа спроведени од страна на д-р Георги Ставрески и Андреј Пуфтоски, волонтери на Црвен крст Охрид.

- Дополнително, д-р Георги Ставрески одржа предавање во ОУ „Кочо Рацин“ – ПУ Лакочереј, во текот на кое ги запозна учениците со основите на здрава и балансирана исхрана, како и со важноста на редовната физичка активност, на доволно сон и на редовните здравствени прегледи.

Главните пораки кои Црвен крст Охрид ги упатува на Светскиот ден на здравјето се: водење здрав начин на живот преку правилна исхрана, физичка активност и одбегнување алкохол, како и редовни здравствени прегледи за одржување на општото здравје.

**Ревијалната велосипедска тура**

По повод Светскиот ден на велосипедизмот на 03.06.2025 година, Црвен крст Охрид беше дел од ревијалната велосипедска тура низ центарот на градот, организирана од Здружението „Граѓански Интегритет“ – Охрид, во соработка со СОСУ „Св. Кирил и Методиј“. На настанот присуствуваше и тим за прва помош од Црвен крст Охрид составен од парамедици и обучени волонтери по прва помош. Исто така, беа присутни и волонтери на Клубот на млади како логистичка поддршка на настанот. Од страна на екипи на Црвен крст Охрид беше изведена и симулациска вежба сценарио со повреден велосипедист и навремено укажување на прва помош. Голема благодарност до организаторите за поканата и можноста да бидеме дел од настан што го промовира здравиот начин на живот и безбедноста на велосипедистите.

**Теренска посета со мобилна амбуланта**

Во рамки на долгогодишната соработка помеѓу Црвен крст Охрид и Црвен крст Зеволде од Холандија, на 21 мај 2025 година беше реализирана теренска активност со тим за прва помош и инструкторот за прва помош од Холандија, Роб Судмеијер. Обучениот тим за прва помош беше дел од напредната обука за парамедици според меѓународната програма PHTLS (Pre Hospital Trauma Life Support) одржана во септември 2024 година. Обуката за парамедици која ја реализираше Црвен крст Охрид во соработка со Црвен Крст Зеволде од Холандија доаѓа како резултат на долгогодишната взаемна соработка, а започна во 2015 година кога беше донирано амбулантно возило со опрема. Во рамките на континуираните активности за унапредување на здравствената грижа и социјалната поддршка, мобилната амбуланта на Црвен крст Охрид ги посети селата Куратица и Свињишта. Посетата беше насочена кон овозможување здравствени услуги на жителите кои потешко доаѓаат до примарна здравствена заштита. Во текот на посетата беа извршени основни здравствени прегледи, вклучувајќи мерење на крвниот притисок, мерење на нивото на шеќер во крвта, како и ЕКГ прегледи за рана детекција на кардиоваскуларни заболувања. Покрај здравствените услуги, беа доделени и хуманитарни пакети со прехранбени и хигиенски производи на дел од семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик. Оваа активност е дел од нашата поширока мисија за поддршка, солидарност и хуманост кон најранливите категории на население.

Хуманитарната помош беше обезбедена во рамки на проектот „Денови на солидарност“, кој Црвен крст Охрид го реализира со поддршка од Општина Охрид. Голема благодарност до сите волонтери, медицински лица и партнери кои континуирано придонесуваат за хуманост на дело и подобрување на квалитетот на живот за сите.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2025**

Со реализирани 19 крводарителски акции и собрани 1626 крвни единици за 2025 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.

**17март Денот на крводарителството во РСМ**

Црвен крст Охрид со голема посветеност работи на промовирање, развој и унапредување на крводарителството во општините Охрид и Дебрца во текот на целата година. Благодарение на хуманоста на крводарителите, како и постојаната ангажираност на нашите вработени, волонтери и трансфузиолошките служби, се задоволуваат потребите за крв и крвни продукти за пациентите во локалните здравствени установи.

Оваа година, во рамки на одбележување на 5 декември, Светскиот ден на волонтерството, го истакнавме и крводарителството. Во просториите на Оперативниот центар на Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид се одржа пригодна свеченост, на која беа доделени јубилејни признанија на најзаслужните крводарители за 5, 10, 25 и 50 дарувања од Општина Охрид и Дебрца. Исто така, признанија им беа доделени и на поединци, фирми и институции кои придонеле за развој и унапредување на крводарителството во Охрид и Дебрца.

## ПРВА ПОМОШ

Во текот на 2025 година беа реализирани 14 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 120 кандидати, како и 44 обуки по прва помош за кандидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 724 кандидати и 24 обуки по прва помош за кандидати за пловни објекти на кои беа обучени 718 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации, за кандидати за возачи на моторни возила и кандидати за пловни објекти ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**51-ти Општински натпревар по прва помош**

На 12 април 2025 година, во организација на Црвен крст Охрид, се одржа 51-от Општински натпревар по прва помош. На натпреварот учествуваа вкупно 17 екипи – 11 екипи подмладок, составени од ученици од основните училишта и 6 екипи младина, составени од ученици од средните училишта, од Охрид и Дебарца. Над 100 млади, распоредени на 8 пунктови низ градот (5 работни, еден забавен, еден дисеминациски и еден за прва психолошка помош), ги демонстрираа своите вештини, знаења и техники за укажување прва помош. Во категоријата подмладок, првото место го освои екипата на ООУ „Св. Наум Охридски“ од село Пештани, второто место го освои екипата на ООУ „Кочо Рацин“ и третото место ООУ „Св. Климент Охридски“. Во категоријата младина, првото место и право на учество на Државниот натпревар го освои екипата на ОСУ „Св. Климент Охридски“, следена од РЦСОО „Ванчо Питошески“ на второто место и СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ на третото место. За регуларноста и фер оценувањето беа одговорни 22 судии – лекари, медицински сестри и парамедици од Црвен крст Охрид. Реалистичниот приказ на сценаријата и повредите беше заслуга на тим од 5 шминкери и 19 актери, додека 14 волонтери - водичи се погрижија за логистиката и движењето на екипите.

Во текот на подготовките за натпреварот, преку 200 млади се здобија со најнови знаења и вештини за укажување прва помош благодарение на тренерите и инструкторите на Црвен крст Охрид како и менторите  (професори) назначени во нивните училишта кои неуморно секојдневно вежбаа со своите тимови. Натпреварот има и едукативен карактер, односно младите учесници ги покажаа своите познавања за хуманитарното движење на Црвениот крст, промовирајќи ја солидарноста и  хуманоста. На пунктот за дисеминација, првото место го освои екипата на ОСУ „Св. Климент Охридски“. На забавниот пункт, младите учесници имаа можност да се релаксираат и уживаат во друштвени игри, додека на пунктот за психолошка прва помош и поддршка беа пречекани со освежителни пијалоци, ужина и охрабрувачка поддршка од тим на Црвен крст Охрид.

**Регионален натпревар по прва помош**

На Регионалниот натпревар по прва помош, кој се одржа во Скопје, на 17.05.2025 година,екипата на Црвен крст Охрид во конкуренција на 14 екипи од северозападниот регион, го освои третото место.

**31ви Државен натпревар по прва помош**

Тимот на Црвен крст Охрид и оваа година учествуваше на 31-от државен натпревар по прва помош кој се одржа на 20.09.2025 годинаво Гостивар. Нашиот тим покажа одлични способности за укажување на прва помош, и во конкуренција на 10 екипи, го освои 6-то место. Горди сме на храбрите волонтери кои во најдобро светло ја претставија нашата организација.

**Светски ден по прва помош**

На ден 12.09.2025 година на платото пред Центарот за култура "Григор Прличев", тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид презентираа знаења и техники за укажување прва помош при различни повреди поврзани со климатските промени. Црвен крст Охрид како едно од своите приоритетни заложби го има ширењето на знаењата и вештините за укажување на прва помош , со цел тие да бидат достапни за сите, како хуманитарен акт кој ги овластува луѓето да спасуваат животи и да помогнат во закрепнување од нагло настанати заболувања или повреди. Секоја година на милиони луѓе им е нанесена повреда или им е одземен животот поради несоодветен одговор или недостаток на навремено и правилно укажана прва помош. Ситуацијата би можела значително да се промени доколку повеќе луѓе се свесни за значењето и правилно се обучени за укажување на прва помош. Поседувањето на вештини за прва помош ги зголемува индивидуалните капацитети на секој човек да преземе брза акција со цел намалување или стабилизирање на сериозни повреди, и ги зголемува шансите за преживување на повредениот И оваа година со посебно внимание се фокусиравме на одбележувањето на Светскиот Ден за Прва Помош – ден за промовирање на знаењата и вештините за првата помош, со акцент на климатските промени.

Хуманата димензија беше заокружена и со 16 единици дарувана крв од хумани наши сограѓани, на крводарителска акција која во организација на Црвен крст Охрид и со поддршка на Служба за трансфузиона медицина од Охрид се реализираше во Центарот за култура „Григор Прличев“.

**Обука по прва помош**

Во периодот од 26 до 29 мај во просториите на Црвен крст Охрид беше реализирана тридневна обука за основите на прва помош, одржана од страна на долгогодишниот волонтер Ѕвездан Јончевски. Обуката им овозможи на младите да научат: Теоретско знаење за тоа како да укажат основна прва помош и како да препознаат повреда, како правилно да направат примарен и секундарен тест, како правилно се извршува реанимација и како правилно да се изведе странична положба, како правилно да се преврзат отворени рани и посекотини, како да се запре крварење и како да се имобилизираат скршеници, како правилно да постапат при препознавање и санирање на специфични повреди и во итни ситуации. Знаењето

за прва помош е клучно за секој од нас. Во секојдневниот живот, никогаш не знаеме кога ќе се случи несреќа или непредвидена ситуација.

**Обука за реалистично прикажување на повреди**

Во рамки на активностите за унапредување на програмата за прва помош, Црвен крст на Република Северна Македонија, во периодот од 19 до 21 јули во кампот "Скаут" во Струга организираше "Обука за реалистичко прикажување на рани и повреди", каде имаше претставници од сите 30 општински организации меѓу кои и од Црвен крст Охрид, волонтерот од Клубот на млади, Анастасија Атесленко. Учесниците на обуката имаа можност да научат техники за изработка на реалистични рани, хематоми, изгореници и други видови повреди, користејќи специјална шминка и материјали. Обуката ги опфати и методите за симулација на сценарија, како и значењето на реалистичниот пристап во едукацијата за прва помош.

**Обука за член на екипаж на брод**

На ден 24.12.2025 година, претставник (демонстратор за безбедност на вода и парамедик ) од Центарот за безбедност на вода на Црвен крст Охрид имаше активно учество во обуката за стекнување звање член на екипаж на брод , која се одвиваше на бродот „Армада“. Во рамки на обуката беше извршена презентација на знаења од областа на првата помош, како и презентација на вештини и техники за постапување со давеник, негово безбедно извлекување од вода, како и запознавање со спасителната опрема и правилната употреба на истата.

**Бројни ангажмани на екипи за прва помош и спасители на вода**

Тимовите за прва помош при Црвен крст Охрид составени од доктори, парамедици, медицински сестри, возачи и други лица обучени за прва помош и оваа сезона беа на висината на задачата. На околу стотина различни настани во текот на оваа туристичка сезона тимот за прва помош при Црвен крст Охрид одговори на над 200 пати при што се укажуваше помош на повредени на спортски натпревари, алкохолизирани лица, лица во бессознание, колабирани лица. Нашите тимови одговорија на повикот на бројни настани меѓу кои: настани од Охридско Лето на антички театар, сите спортски и културни настани во рамките на Фестивалот на спортови на вода, едриличарски, кајакарски регати, веслање со суп даски, сите маратони на Охридско Езеро, пливачки митинзи кои се одржуваа на градскиот базен, Коктел фестивал, четвртото издание на Вино фест Охрид 2025, Таеквондо турнирот Охрид Опен 2025, Куп на Македонија во карате, Боксерски натпревари, Ракомететен турнит „Седмерец“, Турнир одбојка, сите фолклорни "Костоски " фестивали, забави на бродот Армада, бројни концерти на градскиот стадион и на Антички театар, четири концерти во Егоист, Пештани вертикал, Охрид Ултра траил, Акватлонот во организација на Охрид трчат, полумаратон во организација на Охрид трчат, Тим билдинг од ТАВ, Хуманитарна забава од ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид, Матура од РЦСОО „Ванчо Питошески“, отворање на Ohrid mall, Хиротонисување на Господин Господин Георгиј, Охридски староградски средби, прослава на Сојуз на борци од Охрид и Дебрца, бројни тим билдинзи во х.Десарет и др.

**Водици 2025**

На 14 лица „скокачи по крстот“ извршени основни здравствени прегледи, 115 дарувани единици крв на традиционалната крводарителска акција Водици 2025, 15 интервенции на спасителите на вода и нуркачките тимови во вода, 9 интервенции на медицинските тимови на Црвен крст Охрид и Здравствен дом Охрид на копно, е билансот од ангажманот на екипите-волонтерите кои се грижеа за безбедност на капачите и посетителите на настанот за одбележување на празникот Богојавление-Водици. Сите на кои им беше укажана помош се во добра здравствена состојба. Благодарност до сите институции и волонтерите на Црвен крст Охрид ангажирани на овој настан, кои успешно ги реализираа своите задачи и придонесоа се да помине во најдобар ред, како и на хуманите луѓе кои даруваа крв на крводарителската акција. Остануваме посветени на хуманоста, секогаш и секаде каде е потребно.

**Ден на рибарите**

На ден 20.01.2025, тим од спасители на вода од Центарот за безбедност на вода и тим од прва помош при Црвен крст Охрид беа присутни на настанот „Ден на рибарите“. Со своето присуство, тие обезбедија дополнителна сигурност за учесниците и посетителите, секогаш подготвени да реагираат во случај на потреба. Горди сме на нашите спасители кои секојдневно придонесуваат за безбедноста на сите нас.

**Охрид Ултра траил**

На 23 и 24 мај 2025 година, екипите за прва помош од Црвен крст Охрид беа ангажирани за обезбедување на спортскиот настан Ohrid Ultra-Trail, кој се одржа во Националниот парк Галичица и околината на Охридското Езеро. Настанот и оваа година привлече голем број учесници и љубители на планинското трчање од целата земја и поширокиот регион. Црвен крст Охрид беше присутен со мобилна екипа и амбулантско возило, како и со четири медицински тима составени од лекари, парамедици и масери. Дополнително, два тима на спасители од Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид беа распоредени долж целата патека на планината и во градот. Вкупно беа евидентирани над 40 успешни интервенции за пружање прва помош и спасување, што ја потврдува високата подготвеност и професионалност на тимовите во справувањето со предизвиците на вакви екстремни спортски настани. За време на трката, медицинските тимови интервенираа кај повеќе натпреварувачи, најчесто поради истегнувања, гребаници, симптоми на дехидратација и физички замор. Тимовите на волонтерите ги дочекуваа на целта натпреварувачите упатувајќи ги на пунктот за освежување и пунктот на Црвен крст Охрид за масажа.

**Охрид трчат**

Во период од 30 мај до 1 јуни по деветти пат се одржа еден од најважните спортски настани за нашиот град - Охрид ТрчаТ, а волонтерите на Црвен крст Охрид водеа грижа за безбедноста и здравјето на натпреварувачите. Црвен крст Охрид со свои екипи за укажување прва помош ја обезбедуваше спортската манифестација Охрид Трчат на детска трка – 9 мај, ноќната трка - 30 мај, Имлек Протеин Warm Up- 31 мај и главната трка на 1 јуни. Настанот помина во одлична атмосфера, исполнет со енергија, насмевки и дружење. За беспрекорна организација заслужни се и нашите 30+ волонтери кои беа логистичка поддршка долж патеката, 27 членови на тимовите за прва помош на 9 локации, како и 3 велосипеди за прва помош. Голема благодарност до ангажираните волонтери кои ги насочуваа тркачите, ги чекаа на целта, ги наградуваа со медали и пружаа прва помош онаму каде што беше потребно. Честитки до Охрид ТрчаТ за успешниот настан за уште еден прекрасно организиран настан и до сите учесници кои учествуваа во истиот.

**Обезбедување на трки со Суп даски**

Црвен крст Охрид – Центар за Безбедност на вода и оваа година активно учествуваше во обезбедување на настанот „Преминување на Охридското езеро со СУП даски за стоечко веслање“. На 19 и 20.07.2025 година, на терен беа распоредени 3 мобилни екипи со спасителни чамци, кои постојано го следеа движењето на натпреварувачите и се грижеа за нивната сигурност и безбедност во вода.

**Старoградска пловидба „Ој љубов, љубов“**

На 12.07.2025, екипа за прва помош од Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид беше присутна на настанот „ОЈ ЉУБОВ ЉУБОВ" – Староградска пловидба со ВИС Билјана, организиран од Културолошка иницијатива 5 до 12 - Охрид. Во придружба на екипата за прва помош присуствуваше и екипа на спасители на вода, која со чамец обезбедуваше зголемена безбедност за учесниците и посетителите.

**Ohrid Water Festival**

Во периодот од 16 до 30 август, тимови на Црвен крст Охрид се грижеа за безбедноста на сите учесници и посетители на Ohrid Water Festival! Повеќе од 30 доктори, медицински сестри, парамедици и спасители на вода, заедно со обучени лица за пружање прва помош, беа постојано присутни и распоредени на повеќе од 30 настани низ целиот фестивал. Нашите екипи со 2 амбулантни возила за интервенција на копно заедно со 3 брзи чамци со спасители на вода се погрижија секој учесник да стигне безбедно до целта. Благодарение на посветеноста и тимската работа на нашите волонтери и стручни лица, сите учесници можеа да уживаат во фестивалот безгрижно и безбедно.

**Подводна елка**

Традиционално, и оваа година, на 20.12.2025 година, спасители од Центар за безбедност на вода од Црвен крст Охрид зедоа учество на настанот спуштање на новогодишната елка во водите на Охридското Езеро. Настанот како и секоја година е организиран од страна на Нуркачкиот центар „Амфора“, и се одржа во празнична атмосфера како дел од новогодишните активности во градот.

## СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

### НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ

Во рамки на одбележувањето на Неделата на солидарност, Црвен крст Охрид дистрибуираше хуманитарни пакети со прехранбени производи и средства за хигиена до 70 домаќинства во социјален ризик од Општина Охрид. Хуманитарните пакети беа обезбедени во рамките на проектот „Денови на солидарност“ којштo Црвен крст Охрид го реализира со поддршка од Општина Охрид, а со цел јакнење на можностите за укажување помош на домаќинства во социјален ризик од Охрид и од околината во 2025 година. Во пресрет на Велигденските празници и во рамки на одбележување на Неделата на солидарност, а како израз на висока општествена одговорност и хуманост, традиционално и оваа година членовите на ОСМТХ Командерија Св. Наум Охридски - Охрид во соработка со Црвен крст Охрид, на ден 17.04.2025 година доделија хуманитарни пакети со прехранбени производи и средства за хигиена на 30 семејства во социјален ризик од Охрид и Дебрца.

### НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА

Црвен крст Охрид и оваа година традиционално се вклучи во одбележување на Неделата на глад (16 - 22 октомври 2025г) во рамки на кампањата “Помислете и на нас”, со цел поттикнување на граѓаните, компании, фирми, итн. активно да учествуваат во оваа хуманитарна акција. Одбележувањето се состоеше од собирни акции на храна и хигиенски производи во основните и средните училишта, како и во соработка со маркетите Миса, Тамаро, Випс, Рамстор, Жито Маркети, каде хуманите граѓани имаа можност да ја донираат за оние на кои им е најпотребна. Во текот на оваа недела се поделија хуманитарни пакети со прехранбени продукти и со средства за хигиена на 60 социјално загрозени семејства од кои 10 хуманитарни пакети се обезбедени од Лајонс клуб Деница, 20 од Лајонс клуб Десарети, а од собраните материјални и финансиски средствата во текот на целата кампања од Неделата на гладта, до крај на месецот се доделени пакети на вкупно 150 семејства кои примаат социјална помош, згрижувачки семејства, бездомници, лица со инвалидитет, деца без родители и стари лица. Се заблагодаруваме на сите вработени во Црвен крст Охрид и волонтерите на Клубот на млади за спроведувањето на акцијата, на хуманите граѓани кои ја направија оваа акција успешна, и на училиштата, маркетите, Лајонс клуб Деница, Лајонс клуб Десарети кои се вклучија во реализацијата на истата.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**

Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Хуманитарна помош за лица од Украина**

По започнување на бегалската криза во Украина од март 2022 година, во евиденцијата на Црвен крст Охрид се регистрираа вкупно 30 (8 фамилии и поедници) бегалци од Украина. Во 2025 година, во Охрид останаа да живеат 16 лица. Во рамки на активностите за поддршка, Црвен крст Охрид реализираше дистрибуција на ваучери за набавка во Tinex маркетите, обезбедени преку проект на Црвен крст на град Скопје.

**Соработка со Жито лукс АД Скопје**

Во рамките на Неделата на борба против гладта, Црвен крст Охрид оствари соработка со компанијата Жито Лукс АД Скопје. По повод Денот на лебот, нивниот брен Жито Лукс АД Скопје, како општествено одговорна компанија, се вклучи во кампањата со донација на леб, наменета за лица и семејства во социјален ризик. Со оваа акција беа опфатени 250 семејства од градот и околните села, на кои им беше обезбедена поддршка во овие тешки времиња. Активноста се одржа на 14.10.2025 година и , со задоволство ја споделуваме оваа убава приказна како потсетник дека хуманоста нема рок. Со вакките хумани акции покажуваме дека солидарноста и човечноста нè обединуваат. Благодарност до Жито Леб АД Скопје за нивната поддршка и општествена одговорност!

**Хуманитарна помош**

Високата општествена одговорност на организаторите на музичкиот настан Зимска Бајка, Лајонс клубовите Лихнидос, Охрид, Десарети и Деница, во соработка со Топ маркет и Црвен крст Охрид, традиционално и оваа година, за Божиќните празници обезбедија 30 хуманитарни пакети со прехрамбени производи и средства за хигиена, кои на 06.01.2025 година, на Бадник беа поделени на 30 семејства во социјален ризик.

**Хуманитарна помош од организацијата Canadian for children at health risk (CCHR) од Канада**

Повеќегодишната успешна соработка на Црвен крст Охрид со организацијата Canadian for children at health risk (CCHR) од Канада продолжи и оваа година во делот на социјално-хуманитарната дејност. Хуманите членови на оваа организација во Канада, обезбедија средства за хуманитарни пакети со прехрамбени производи и средства за хигиена кои на 09.01.2025 година во рамки на Божиќните празници, беа поделени на 12 семејства во социјален ризик од Охрид.

**Хуманитарна помош**

Црвен Крст Охрид продолжи да спроведува активности за обезбедување хуманитарна помош за најранливите граѓани во нашата заедница. Благодарение на несебичната поддршка од наши анонимни донатори, на 13.01.2025 реализиравме уште една акција за дистрибуција на хуманитарни пакети со прехранбени и хигиенски производи до лица во социјален ризик. Изразуваме огромна благодарност до сите оние коишто ја помогнаа оваа хуманитарна иницијатива.

**Хуманоста на дело – „Зготви и подари“ во рамки на Неделата на Црвениот крст**

Во рамки на активностите од социјално-хуманитарна дејност, а по повод Неделата на Црвениот крст на Република Северна Македонија, на 26.06.2025 година, Црвен крст Охрид се приклучи на благородната иницијатива на охридската хуманистка Весна Миленкоска – „Зготви и подари“. Оваа хумана акција, која трае веќе повеќе од четири години, секој последен четврток од месецот носи оброк на семејства во социјален ризик, со поддршка од хуманите граѓани на Охрид. На ден 26.06.2025 година, со помош на волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид, беше приготвен и доставен оброк до семејство на кое му е најпотребна помош. Заедно покажавме дека секој гест на добрина има моќ да донесе промена. Целта на оваа заедничка акција е: Поттикнување на солидарноста, подигнување на јавната свест за

донирање храна и поддршка за оние кои немаат можност за редовни дневни оброци. Голема благодарност до Весна за нејзината хуманост која не познава граници.

**Хуманитарна и спортско-рекреативна акција „ЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВО“**

Спорт, забава, едукација, дружење, насмевки и хуманост од бројните посетители и учесници кои го исполнаа Градскиот плоштад во Охрид на 04.10.2025 година при одвивањето на традиционалната хуманитарна и спортско-рекреативна акција, која во организација на Црвен крст Охрид и во партнерство со Стоматолошкиот центар „Др. Баткоски“ по 15-ти пат се одржува во Охрид. Акцијата започна со „главна трка“ по Кејот Македонија за да продолжи со натпревари во бројни спортски дисциплини: фудбал, ракомет, пикадо, шах, вртење хулахоп, скокање со јаже. Прекрасни, насмеани и весели лица на дечињата се забавуваа потпевнувајќи ги детските песни на распеаните Рибарчиња, се натпреваруваа во бројните спортски дисциплини, со внимание ги следеа презентациите на ракометните вештини на ракометарите и тренерите од ракометната школа Седмерец, многу од нив ги искористија своите креативни вештини за цртање во едукативните уметнички катчиња за деца на Црвен крст Охрид и Стоматолошкиот центар „Др. Баткоски“, се сликаа на „360 степени апарат за сликање“, ја испробаа вештината на погодување на „тркалото на среќа“ освојувајќи вредни награди и секако, сите заедно уживаа во настапите на штуларите, аниматори, кловнови, мимичари, магионичари. И овој пат не изостанаа едукативните совети на стручните лица од Стоматолошкиот центар „Др. Баткоски“ за правилна нега на хигиената на устата и забите и значењето на оралното здравје за секој поединец. Корисни совети и препораки за медицински третмани имаше на штандот на Референтниот центар на Жан Митрев клиник во Охрид, а Орифлејм-Македонија ги промовираше своите природни препарати за нега на кожата. Како шлаг на тортата на овогодинешното издание на спортско-рекреативната хуманитарна акција „За посреќно детство“, која се реализира во рамки на Неделата на млади на Црвениот крст (1-7 октомври), кога Клубот на млади го прославува својот 29-ти роденден, беше Rock and Mob настанот, на кој младите уживаа и го поздравија прекрасниот настап на охридските музички бендови: „Камелеон“, „The Backdoor band“, „Urban Planet“ и „No Fun“.

Црвен крст Охрид изразува благодарност до партнерот Стоматолошки центар „Др.Баткоски“ и сите општествено одговорни поединци, фирми институции, кои ја помогнаа и поддржаа реализацијата на хуманитарната спортско-рекреативна акција „За посреќно детство“.

**Хуманитарна акција Волшебна елка**

Со изведба на Новогодишните песни, дечињата од „Распеано рибарче“, го најавија завршниот настан од традиционалната хуманитарна акција на Црвен крст Охрид, „Волшебна елка “ кој на 25.12.2025 година се одржа во Ohrid Mall. Бројни наши хумани сограѓани, институции, здруженија, поединци, се вклучија во оваа хуманитарна акција, исполнувајќи ги новогодишните желби означени во волшебните лампиони и обезбедија соодветни подароци кои волонтерите на Општинска организација Охрид, на настанот ги доделија на повеќе од 80 дечиња што живеат во социјален ризик, кои не ја криеја својата возбуда и задоволство од добиените подароци и можноста да се сликаат со Дедо Мраз. Изразуваме благодарност до нашиот партнер во оваа акција Ohrid Mall, до сите основни училишта во Охрид и Дебрца за соработката и благодарност за учеството и поддршката во организирање на оваа акција на сите поединци, институциите, здруженија.

**Дистрибуција на хуманитарни пакети со советници од општина Охрид**

Во рамки на активностите за одбележување на Светскиот ден на волонтерството, претставници од Советот на Општина Охрид – претседателот Перчо Божиноски и советникот Ана Крстевска – волонтерски се придружија во хуманата мисија за подготовка и дистрибуција на хуманитарни пакети. Активноста беше реализирана со поддршка и ангажман на волонтерите на Црвен крст Охрид кои активно учествуваа во организацијата и спроведувањето на целата акција. Пакетите, кои содржеа основни прехранбени производи и средства за лична хигиена, беа наменети за социјално загрозени семејства од нашиот град. Со своето активно учество и личен ангажман, сите вклучени дадоа значаен придонес во унапредувањето на

солидарноста и хуманоста, испраќајќи силна порака за важноста на волонтерството и заедничката грижа за оние на кои им е најпотребна помош.

**Хуманитарна помош**

Соработката помеѓу Црвен крст Охрид и РЦСОО „Ванчо Питошески“ – Охрид продолжува да создава убави приказни. Во рамки на победничкиот Service Learning проект „Оброк + заедничка активност – Храна без отпад за сите“, учениците од РЦСОО „Ванчо Питошески“ – Охрид подготвија 60 оброци кои заедно со волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид, беа доставени до семејства од социјално ранливи категории. Хуманоста продолжува – заедно создаваме подобра и посолидарна заедница.

**Донација на облека, ќебиња и постелнини на ЈЗУ „Психијатриска болница“ – Демир Хисар**

На иницијатива на волонтерите од Клубот за грижа на стари лица „Најди време“ од Црвен крст Охрид се реализира хуманитарна акција - донација на облека, ќебиња и постелнини на ЈЗУ „Психијатриска болница“ – Демир Хисар. Оваа донација е израз на нашата посветеност кон подобрување на условите за престој и нега на пациентите во оваа установа, која претставува значаен центар за лекување на лица со нарушено ментално здравје. Изразуваме искрена благодарност до раководството и персоналот на ЈЗУ „Психијатриска болница“ – Демир Хисар за отворената и конструктивна соработка. Ваквите заеднички активности се поттик за продолжување на хуманите мисии и зајакнување на партнерствата во заедницата.

**Курс по англиски јазик наменет за младите осуденици**

Црвен крст Охрид започна со нова едукативна активност во рамки на соработката со КПУ Затвор Охрид – Курс по англиски јазик наменет за младите осуденици. Целта на оваа програма е да се овозможи стекнување на нови вештини и знаења кои ќе им помогнат на овие млади лица полесно да се ресоцијализираат и интегрираат во заедницата по завршувањето на казната. Обуката ќе ја води волонтерката на Мировен корпус, Danielle Hamilton, која со своето искуство и ентузијазам ќе придонесе кон квалитетна и мотивациска едукација.

## ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА

Програмата на грижа за стари лица „Најди време“ на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 15 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршка на старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид.

Програмските активности на програмата на грижа за стари лица „Најди време“во 2025 година се одвиваа во знакот на одбележувањето на јубилејот – 80 години од формирањето на Македонскиот Црвен крст и Црвен крст Охрид. Во редовниот дел обезбеден е континуитет на Програмата со дадени иницијативи, предлози и учество во настани и иницијативи. Во тој контекст во тек е успешна реализација за отпочнување со работа на Дневниот центар за стари лица во Охрид.

Активностите на програмската група на волонтери стари лица и поддржувачи успешно се реализираа особено во рамки на одбележувањето на 80 годишнина на ЦКРСМ и Црвен крст Охрид и во основните три полиња: редовна планска комуникативна стандардна практика со основна фокус група на стари осамени лица и лица со социјален ризик; креативен опус на оперативниот тим; интерактивни и креативни активности на оперативната група, групата корисници, Клубот на млади во Црвен крст Охрид, Здружение на пензионери на Охрид и Дебрца, Општина Охрид, НУ Библиотека „Григор Прличев“, здравствени установи, училишта, установи од областа на културата и заштита на културното и природното наследство и други органиации и поединци.

2025 година се карактеризира и со заеднички иницијативи на фокус организирана и планска работа со Локалната самоуправа, Здружението на пензионери, Центар за социјална работа и Црвен крст Охрид

преку соодветната програма за клучни проблеми што ги мачат старите лица и нивните семејства: Дневен центар за стари лица и Дом за стари лица. За одбележување е што е остварена активна комуникација и соработка со Психијстриска болница во Демир Хисар при што се дадени донации од групата и Црвен крст Охрид во вид на облека и постелнина. Во рамки на активностите за одбележување на 80 годишнина на ЦКРСМ и Црвен крст Охрид обезбедена е вклученост во програмата на Одборот за одбележување во Црвен крст Охрид и во основните настани и манифестации за промоција на значајните настани и дисеминација за значењето и мисијата и визијата на Црвен крст Охрид, ЦКРСМ и МДЦКЦП.

- Активностите на програмската група на волонтери стари лица и поддржувачи успешно се реализираа во три полиња: редовна планска комуникативна стандардна практика со основна фокус група на стари осамени лица и лица со социјален ризик; креативен опус на оперативниот тим; интерактивни и креативни активности на оперативната и групата корисници. Активностите ги спроведуваат зголемена по број оперативна извршна група (17) со 2 нови членови кои поминаа соодветна обука за работа и комуникација со лицата корисници на програмата.

  Како основна програмска активност:

  - Реализирани се редовни комуникации со евидентирани корисници во 35 понеделници од 10 до 12 часот
  - Остварени се 655 активни комуникации од страна на 9 обучени волонтери со различен број на корисници и време траење на контактот и разговорите во зависност од потребите и барањата на корисниците.
  - Бројката на корисниците е варијабилна- од 40 до 50 и старосна структура од 65 до 95 години.
  - Поединечно и групно се реализирани околу 80 различни контакти и домашни посети (празници и по потреба во рамки на планот) со директно внимание и разговори и соодветни поклони и или пакети помош на оние на кои им е потребна.
  - Дел на корисници се присутни заедно со оперативната група во просториите на Црвен крст Охрид, така да со нив и со други корисници на други договорени места остварени се преку 150 непосредни контакти и водени разговори со внимание и почит и поврзано со нивни потреби.
  - Дел на корисници по претходна организирана покана биле дел од одбележувања, настани, посети во музеи, библиотека, училишта, забавен и креативен простор и време со групата и во рамки на настани и активности на Црвен крст Охрид.
  - Групата и корисниците беа дел од 6 проекти проектни активности од кои 1 во ПХВ програмата.
  - Тие се постојан дел на едукативни и дисеминациски работилници и контакти со претставници и групи на локални, национални и меѓународни организации и институции, како на пример Американскиот корпуст.
  - Нивното присуство е постојано на културни настани со и од групата: читање поезија и проза; доделување награди на добитници од 2 конкурси организирани од групата и Црвен крст Охрид и, други слични настани.
  - Тековно, остварени се планирани контакти со одговорни лица во општина Охрид и ЗП Охрид и Дебрца за Центарот за дневен престој на стари лица, како и за Дом за стари лица со институционално учество.

- Оперативниот тим или обучени волонтери (8) за реализација на програмата, со редовно присуство на дел на корисници и други заинтересирани стари лица и лица од друга популација успешно ги остварува програмските цели и активности, или:
  - Редовна комуникација и прибирање на потребите на кориснице, евидентирање, ажурирање и кореспондирање со менаџментот на Црвен крст Охрид за соодветен одговор и мерка на помош;
  - Интерактивни креативни и едукативни работилници (17) за забава и едукација;
    предавања и едукации на различни литерарани, ликовна уметност, здравствени, дисеминациски и хуманитарни теми, посебно во знак на 80 годишниот јубилеј (19);

- Проектна вклученост (ПХВ 1; НУ Библиотека Охрид 1; Еко проектна вклученост 4, посебно присуство и вклученост во дискусии при одбележувањето на денот на езерото, две еколошки акции за собирање на отпад- самостојно, со младите и со Скопска пивара);
- Преку непосредно креативно учество во манифестацијата за Денот на Охридското езеро, иницирaн предлог за отпочнување на превентивен процес за некористење на моторно гориво во водите, други еко алтернативи и спречување на натамошно загадување на водите и опасностите и штетата за целокупниот жив свет и природен амбиент.
- Партнерска активност за посадување автентични растенија во дворниот дел на Охридска гимназија „Св, Климент Охридски“ и музичкото училиште „Методи Патче“,:
- Учество во организирани 2 базари за празници;
- Организирани посети на основни училишта (1) со програмска содржина поврзана со имиџот на Црвениот крст и културата и образованието како систем на вредности;
- Идеја и организација на конкурси за литературни и ликовни творби 2 со тема од хуманитарните аспекти на глобално ниво за старите лица и воопшто за хуманоста и за настани и личности поврзани со нашата и регионална и светска култура и уметност;
- Координирани активности за дневниот центар за стари лица;
- Почетно истражување за картон и евиденција за стари лица заедно со Здружение на пензионери;
- Продолжена реализација на проектот со наслов „На врата – книга во рака“ во партнерство со НУ Библиотека „Григор Прличев“ Охрид, со цел за вклучување и олеснување на старите лица и корисниците на програмата за читање на книги;
- Заедно со Здружение на пензионери од Охрид и Дебрца и општините Охрид и Дебрца, спроведени иницијативи и практични чекори за отворање на Дневен центар за стари лица и Дом за стари лица; иницијатива за нов модел за пресметување на солидарниот пензионерски фонд, со процентуално пресметување од 1,5% до 2% на пензијата со цел за објективизирање учеството со износот на пензијата и намалено оптеретување на лицата со пониски пензии; иницирана потреба и модел, заедно со ЗП Охрид и Дебрца, за детектирање и евиденција на стари осамени лица и потреба од хуманитарна помош; иницирана идеја и предлог за доделување на национална пензија на крводарители со дадена крв над 50 или 100 пати, односно во рамки на изградени стручни критериуми.
- Обезбедено учество во активности и настани на Црвен крст Охрид, како 80 години Црвен крст на Охрид и Македонија и настани на општина Охрид и Дебрца.
- Организирано одбележување на меѓународниот ден за стари лица со тематска реализација на насоки од ООН и нашето НД на едукативна работилница со Клуб на млади на тема од МД ЦК, Универзалната декларација за човековите права на старите лица и Меѓународната конвенција за заштита на правата на децата;
- Организирано одбележување на деновите за грижа за стари лица со тематски патоказ „Сите сме нивни деца“, и посебна тема „Букет на хуманоста“ со учесници со поезија, проза и ликовни творби и свеченост за доделување на наградени учесници;
- Проектна вклученост и партиципација за лица со потреби и во социјален ризик во „Св.Ѓорѓи“ во Охрид;
- Организирани се и реализирани дружења и интерактивни настани;
- Дружења и поучни посети и комуникации (Општина Охрид, музеј, активност учество на локални, национални и други јавни медиуми;
- Реализирани 16 интерактивни часови за физичка култура;
- Реализирани 11 часови по англиски јазик во проектен ангажман со АМК;
- Организирано одбележување и полагање цвеќе на споменикот на Анри Динан за 8 мај и спменичните обележја во алејата на паднатите борци за ослободување на Охрид од фашистичкиот окупатор на 7 ноември;
- Поставена изложба на творби од два конкурса;

- По претходна комуникација, на 21 мај 2025 година, остварена е работна средба во ЦК Охрид и организирана и дадена донација во облека, постелнина и друго, за потреби на душевната болница во Демир Хисар и договорена натамошна партнерска соработка, а во месец ноември остварена е и уште една донација на облека, постелнина и покуќнина од членовите на групата и ЦК Охрид
- Реализирано проектно учество, дискусија и дадени конструктивни предлози во панел на проект за заштита на езерото;
- Реализирана активна и креативна посета и интеракција во геријатрискиот оддел во болницата во Охрид;
- Организирана посета и дружење во црквата „Св. Богородица„ , с. Скребатно;
- Други настани и активности.

- Предавања, презентации и едукации од членови на програмскиот тим
  - Дисеминациски сесии 17;
  - Ликовна уметност/современо сликарство (2 сесии) со историски осврт кај нас;
  - Здравствена едукација, превенција, ментално здравје 7;
  - Хигиенизација и заштита од заразни болести- маларија и друго 2);
  - Почетно истражување за методолошка карта за стари лица со ЗП;
  - Заеднички едукативни и креативни работилници со млади на ЦК Охрид (3);
  - присуство и активна улога на проектни и едукативни работилници организирани од Црвен крст Охрид со други партнери;
  - Учество и активност со ЗП и други НВО;
  - Прием и активна комуникација со членови и партиципиенти на други организации на ЦК (Црвен крст на град Скопје, Црвен крст Демир Хисар), партнери на Црвен крст Охрид, Американскиот мировен корпуст, друго.
  -

- Реализирани предавања/екскурзии:

- 01.02.2025 г. -Предавање со специјалист по ендокринологија (опфатени 25 лица)
- 24.02.2025 г. во соработка со ЈЗУ Специјализирана болница за кардиоваскуларни заболувања-Охрид во просториите на Црвен крст Охрид се реализираше едукативно предавање за ризик факторите, превенција, третман и лекување на болестите на срцето и крвните садови, кое д-р Бранка Милачиќ (опфатени 22 лица)
- 03.03.2025 г. предавање-разговор со Академик проф. д-р Миле Д. Миќуновиќ за малигните заболувања со акцент на рак на простата,(опфатени 18 лица)
- 08.03.2025 г. посета на корисниците од „Најди време“ по повод Меѓународен ден на жената
- 27.03.2025 г., едукативно предавање за алергиите со д-р Димче Марковски, специјалист по оториноларингологија во „Жан Митрев“ Клиника (опфатени 20лица)
- 07.04.2025 г. -По повод Светскиот ден на здравјето, 7-ми април се одржаа неколку активности со цел да се придонесе кон поттикнување на здравите навики во заедницата:На волонтерите од програмата „Грижа за стари лица – Најди време“ им беше измерен крвниот притисок и шеќерот во крвта. Покрај тоа, присутните имаа можност да добијат совети за одржување на нормални вредности на притисокот и на шеќерот, како и препораки за подобрување на нивната општа здравствена состојба. Овие активности беа спроведени од страна на д-р Георги Ставрески и Андреј Пуфтоски
- 22.04.2025 г. По повод празникот Велигден, волонтерите од „Најди време“ ги посетија своите корисници и им го честитаа празникот со велигденско јајце и пригодни подароци.
- 02.05.2025г. На иницијатива на волонтерите од Клубот за грижа на стари лица „Најди време“се реализира хуманитарна акција - донација на облека, ќебиња и постелнини на ЈЗУ „Психијатриска болница“ – Демир Хисар
- 05.05.2025г. Црвен крст Охрид, во соработка со Здружението „ВОЛЕЈ“ повторно организираа фитнес тренинг и забавни игри за волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“ и за дел од корисниците на програмата.

-  28.05.2025 г. во просториите на Црвен крст Охрид се доделија благодарници и пригодни подароци на авторите на најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс на тема: „Глас на хуманоста“ кој беше објавен на иницијатива на Програмата „Најди Време“ - грижа за стари лица и Клубот на млади при Црвен крст Охрид
-  01.10.2025г. - По повод Меѓународниот ден на стари лица – 1 Октомври, во просториите на Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид и Едукативниот центар на Општинска организација Охрид во с. Велестово, се организираа информативна и креативна работилница со групата на стари лица „Најди време“, пензионери и членови на Клубот на млади.Во креативниот дел од работилницата учество зеде волонтерката на Мировниот корпус, Danielle Hamilton, која заедно со учесниците реализираше интерактивни креативни активности.
Дополнително, беше одржана кратка презентација за јогата и нејзините придобивки за постарата популација од страна на јога инструкторот Ванчо Тасески, со цел поттикнување на активен и здрав начин на живот.
-  06.10.2025г. - По повод Светскиот ден на менталното здравје, што се одбележува секоја година на 10 октомври, во просториите на Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид се одржа работилница посветена на менталното здравје и психо-социјалната поддршка. Учество во работилницата зедоа волонтери на Општинска организација Охрид кои учествуваат во спроведувањето на програмата за грижа за стари лица „Најди време“. Работилницата ја одржаа Ранко Раткушиноски и Катерина Наумоска.
-  29.10.2025 г., по барање на Здружението на пензионери на општина Охрид и Дебарца, од страна на Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид беше одржано предавање по повод Меѓународниот ден на старите лица (1 октомври) и Светскиот ден на менталното здравје (10 октомври). Предавањето опфати две теми: „Ментално здравје кај старите лица“ и „Состојбата на старите лица во светот, Македонија, Охрид и Дебарца“. Настанот беше наменет за членови на здружението и имаше за цел да ја подигне свеста за важноста на менталното здравје и активното староење.
- 17.11.2025г. - По повод одбележувањето на Неделата на грижа за стари лица, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“ при Црвен крст Охрид, заедно со членови на Клубот на млади, остварија посета на Одделот за геријатрија при Општата болница Охрид. Исто така, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“ остварија посета и на дел од корисниците вклучени во програмата
- 19.11.2025 г. -  Во рамки на одбележувањето на Неделата за грижа на стари лица (17–23 ноември), на редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид се одржа меѓугенерациско дружење заедно со членовите на групата за грижа на стари лица „Најди време“.  Младите волонтери имаа можност да се поврзат со постарите членови, да слушнат нивни искуства и да дознаат повеќе за работата и активностите на групата „Најди време“. Исто така, долгогодишниот волонтер и дисеминатор Љупчо Милковски одржа кратка дисеминациска сесија за историјата и принципите на Црвениот крст.
- 24.11.2025 г. -  во просториите на Црвен крст Охрид се доделија благодарници и пригодни подароци на авторите на најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс на тема: „Букет на хуманоста“. Конкурсот беше објавен на иницијатива на Програмата за грижа за стари лица „Најди Време“, во рамки на одбележувањето на Неделата за грижа на стари лица.
Реализираните активности покажуваат успешен континуите на работата на Програмата „Најди време“ при Црвен крст Охрид и активна вклученост во важни настани на Црвен крст Охрид и општините Охрид и Дебрца. Забележително и дека има интерес за програмата и активна вклученост и интеракција со Клубот на млади во Црвен крст Охрид. Продолжуваат активностите за отпочнување со работа на дневен центар за стари лица; иницијатива за дом за стари лица; конкретни проектни партнерски активности;, што индицира натамошни успешни програмски активности.

**Меѓународен ден на стари лица**

По повод Меѓународниот ден на стари лица – 1 Октомври, во просториите на Црвен крст Охрид и Едукативниот центар на Црвен крст Охрид во с. Велестово, се организираа информативна и креативна

работилница со групата на стари лица „Најди време“, пензионери и членови на Клубот на млади. На настанот беа презентирани статистички податоци за актуелната состојба на старата популација во светот, Македонија, како и конкретно за општините Охрид и Дебрца. На работилниците беа присутни 3 волонтери, а беа опфатени 15 лица. Во креативниот дел од работилницата учество зеде волонтерката на Мировниот корпус, Danielle Hamilton, која заедно со учесниците реализираше интерактивни креативни активности. Дополнително, беше одржана кратка презентација за јогата и нејзините придобивки за постарата популација од страна на јога инструкторот Ванчо Тасески, со цел поттикнување на активен и здрав начин на живот. Настанот помина во пријатна атмосфера, поттикнувајќи меѓусебна поддршка и вклученост на постарите лица во заедницата.

**Недела на грижа за стари лица**

Во периодот од 17 до 23 ноември беа реализирани повеќе активности во рамки на одбележувањето на Неделата за грижа на стари лица, чија цел беше да се укаже почит, поддршка и грижа кон повозрасната популација, како и да се поттикне солидарноста и меѓугенерациското поврзување.

- Посета на Одделот за геријатрија при Општата болница Охрид

Во духот на хуманоста и грижата за повозрасните лица, волонтерите од Клубот на млади волонтери и групата за грижа за стари лица „Најди време“ на Црвен крст Охрид реализираа посета на Одделот за геријатрија при Општата болница Охрид. За време на посетата, тие се дружеа со пациентите, со што придонесоа за подобрување на нивното расположение и чувството на припадност. Како знак на благодарност и поддршка, беше доделена скромна донација за потребите на корисниците на Одделот. На вработените им беше врачена благодарница за успешната и долгогодишна соработка во рамките на овогодинешниот ПХВ циклус, како поттик за понатамошни заеднички активности во корист на повозрасните лица.

- Одржан меѓугенерациски состанок: Клуб на млади и групата „Најди време“

Во рамките на Неделата за грижа на стари лица беше организиран и меѓугенерациски состанок помеѓу Клубот на млади волонтери и Програмата за грижа за стари лица „Најди време“. Овој настан претставуваше можност младите да се поврзат со поискусните членови, да слушнат нивни животни искуства и да се запознаат подетално со активностите и значењето на програмата. Долгогодишниот волонтер и дисеминатор Љупчо Милковски одржа кратка дисеминациска сесија, запознавајќи ги присутните со историјата, принципите и вредностите на Црвениот крст. Неговото излагање послужи како потсетување дека солидарноста, хуманоста и меѓусебната поддршка се темелите врз кои се гради организацијата.

- Посети на корисниците вклучени во Програмата за грижа за стари лица „Најди време“

Во текот на истата недела, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“ остварија индивидуални посети и на дел од корисниците вклучени во програмата. Овие посети, покрај практичната помош, имаа за цел и да го намалат чувството на осаменост кај повозрасните лица, да ја истакнат важноста на меѓусебната поврзаност и да го потврдат континуитетот на поддршката што организацијата ја нуди.

- Ликовен и литературен конкурс „Букет на хуманоста“

Како дел од одбележувањето, Програмата за грижа за стари лица „Најди време“ распиша ликовен и литературен конкурс на тема „Букет на хуманоста“. Целта беше да се поттикне креативноста кај младите и да се подигне свеста за значењето на хуманите вредности и учеството во хуманитарни активности. На конкурсот можеа да учествуваат ученици од основните и средните училишта од општините Охрид и Дебарца, како и други заинтересирани граѓани. Конкурсот опфати категории поезија, проза и ликовна уметност. Овогодинешниот конкурс привлече големо внимание, при што беа пристигнати 122 литературни и уметнички творби, што претставува значаен показател за интересот и ангажманот на младите и пошироката заедница во промовирање на хуманите вредности.

**Меѓународен ден на жената**

Црвен крст Охрид свечено го одбележа Меѓународниот ден на жената, 8ми Март, со делење на пригодни подароци на волонтерите од Клубот на стари лица “Најди време”, меѓу кои и рачно изработени

честитки од страна на волонтерите од Клубот на млади, кои исто така имаа активно учество во настанот и го разубавија овој чин. Исто така, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица "Најди време" Црвен крст Охрид ги посетија жените - корисници на програмата и им подарија пригодни подароци и многу внимание и љубов, а волонтерите од Клубот на млади подарија рачно изработени честитки на жените кои беа затекнати како минувачи. Насмевката која ја измамивме на нивните лица нека биде дел од нивното секојдневие, нека бидат неизмерно среќни, задоволни и сакани.

**Посета за Велигден**

Традиционално како и секоја година, по повод христијанскиот празник Велигден волонтерите од програмата Грижа за стари лица "Најди време" од Црвен крст Охрид на 22.04.2025 година ги посетија своите корисници. Волонтерите на сите корисници им го честитаа празникот со велигденско јајце и пригодни подароци.

**Велиденски базар**

Традиционално и оваа година Црвен крст Охрид учествуваше со свој штанд на Велигденскиот базар во организација на Општина Охрид. На истиот волонтерите од програмата за грижа на стари лица "Најди време" продаваа рачно направени украси и храна.

**Фитнес тренинг за постари лица – за здраво и активно стареење**

Црвен крст Охрид, во соработка со Здружението „ВОЛЕЈ" повторно организираа фитнес тренинг и забавни игри за волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време" и за дел од корисниците на програмата. Во пријатна атмосфера, учесниците уште еднаш ја истакнаа важноста од редовна физичка активност за зачувување и унапредување на здравјето, како и за подобрување на општата благосостојба кај постарите лица. Настанот служеше како потсетник дека активниот начин на живот не познава години и дека секој ден е добра можност за движење, дружење и позитивна енергија. Програмата „Најди време" и Здружението „ВОЛЕЈ" ќе продолжат со оваа плодна соработка и во иднина, со цел промоција на активно и здраво стареење во нашата заедница.

**Доделување на наградите за ликовниот и литературниот конкурс "Глас на хуманоста"**

На 28.05.2025 година, во просториите на Црвен крст Охрид се доделија благодарници и пригодни подароци на авторите на најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс на тема: „Глас на хуманоста" кој беше објавен на иницијатива на Програмата „Најди Време" - грижа за стари лица и Клубот на млади при Црвен крст Охрид, а во рамки на програмските активности за развивање на креативниот дух и подигнување на свеста за учество во хуманитарни активности – со промоција на хумани вредности и творечки елан кај целата популација, особено кај младите и децата во нашата потесна и поширока заедница. На конкурсот можеа да учествуваат учениците од основните и средните училишта на општините Охрид и Дебарца и друга популација, со поезија, проза и ликовна уметност. На овогодинешниот конкурс беа пристигнати околу 100 литературни и уметнички творби.

**Доделување на наградите за ликовниот и литературниот конкурс "Букет на хуманоста"**

На 24.11.2025 година, во просториите на Црвен крст а Охрид се доделија благодарници и пригодни подароци на авторите на најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс на тема: „Букет на хуманоста". Конкурсот беше објавен на иницијатива на Програмата за грижа за стари лица „Најди Време", во рамки на одбележувањето на Неделата за грижа на стари лица, а со цел развивање на креативниот дух и подигнување на свеста за учество во хуманитарни активности – со промоција на хумани вредности и творечки елан кај целата популација, особено кај младите и децата во нашата потесна и поширока заедница. На конкурсот можеа да учествуваат учениците од основните и средните училишта на општините

Охрид и Дебарца и друга популација, со поезија, проза и ликовна уметност. На овогодинешниот конкурс беа пристигнати 122 литературни и уметнички творби. Црвен крст Охрид изразува огромна благодарност до сите учесници на овогодинешниот конкурс, благодарност за прекрасната соработка со основните и средните училишта од Општина Охрид и Општина Дебрца, менторите и родителите.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

Трговија со луѓе или Модерно ропство е сериозен општествен проблем и е најтешка форма на кршење на основните човекови права - правото на живот, на слободно движење, на слобода на избор и други права и слободи. Овој тежок криминал е застапен и во нашата држава. Црвениот Крст оддржува превентивни активности кои имаат за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

- **Едукативна работилница за превенција на трговија со луѓе**

На 15.12.2025, Црвен крст Охрид во соработка со СВР Охрид организираше информативно едукативна работилница за превенција на трговија со луѓе во ОСУ „Св. Климент Охридски" - Охрид на која беа опфатени 84 ученици од прва и втора година. Истата, беше спроведена од страна на врснички едукатори за трговија со луѓе - Јована Шутароска и Анастасија Треноска. Учесниците на оваа едукативна работилница имаа можност подобро да се запознаат со видовите на трговија на луѓе како и нивната превенција.

- **18 октомври – Меѓународен ден на борба против трговија**

На редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид, по повод одбележување на 18 октомври - Меѓународниот ден на борба против трговија со луѓе, се одржа врсничка едукација на тема: Превенција од трговија со луѓе. Врсничката едукација беше одржана од страна на Теона Талевска - волонтер и врснички едукатор на тема: Превенција од трговија и луѓе, а на истата беа присутни надс 30 волонтери. Трговија со луѓе е сериозно кршење на човековите права и еден од најтешките облици на современо ропство. Таа подразбира регрутација, превоз или продажба на луѓе со цел нивна експлоатација – преку присилна работа, сексуална злоупотреба, просење или други форми на искористување.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2025**

Црвен крст Охрид, Центар за Безбедност на вода во период од 21-28.06.2025 година, успешно ја реализираше обуката за спасители на отворени води, на која учествуваа и се сертифицираа 10 нови спасители. Програмата опфати теоретски и практични модули од областа на:
- Спасување и извлекување на активни и пасивни давеници од отворени води
- Употреба на специјализирана и прирачна спасувачка опрема
- Превентивни мерки за зголемување на безбедноста во и покрај вода
- Укажување основна и напредна прва помош во итни ситуации

Со успешно завршување на обуката, новите спасители се подготвени да дејствуваат ефикасно и одговорно, придонесувајќи за зачувување на животот и зголемување на безбедноста на капалиштата.

**Ангажмани 2025**

Во текот на летната сезона во 2025 година, спасителите на вода имаа вкупно 77 работни денови. Во овој период беа ангажирани 26 спасители, односно просечно по 17 спасители дневно. Со нивниот ангажман беа обезбедени вкупно 616 часа покриеност на 15 капалишта, од кои 4 се базени. За време на овие 77 работни денови, спасителите интервенираа 31 пат при извлекување на давеници од водите на Охридското

Езеро, како и во 15 случаи при укажување помош на уморни пливачи. Дополнително, беа регистрирани околу 1393 интервенции за укажување прва помош. Најголемиот дел од интервенциите беа резултат на невнимание на капачите. Поголемиот број повреди беа од полесен карактер, како што се истегнување на зглоб, исекотини на рацете и нозете, но беа забележани и посериозни случаи со кои спасителите успешно се справија, како повреди на главата, повреди на ‘рбетниот столб и лица во бессознание. Покрај редовните активности на капалиштата, спасителите во текот на овие 77 работни денови учествуваа и во обезбедување на бројни спортски и рекреативни настани, како што се пливачки маратони, едриличарски настани, веслачки и кајакарски регати, SUP регати, како и многу други спортски и забавно-рекреативни активности кои се одржуваат во и покрај Охридското Езеро.

Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на други бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Охрид трчат, Охрид траил, музички настани во охридските ноќни клубови и др.

## ПЛАНИНСКА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА

Согласно Програмата за реализација на активностите на Општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2025 година, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во периодот 01.01.2025–31.12.2025 година Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид ги реализираше следните позначајни активности:

- 02.02.2025, преку единствениот број за итни повици на ЦУК (112), ПСС доби повик за повреден планинар над с. Кнежино (кичевско). Веднаш беше мобилизиран еден тим од 5 спасители, кој ја подготви неопходната опрема и чекаше потврда од ОВР Кичево да точната локација и дали ќе има потреба од интервенција. Половина час подоцна од ОВР Кичево бевме информирани дека повредениот е спуштен до пристапен пат со коњ од локалното население и немаше потреба од наша интервенција.
- Во периодот од 10.02.-15.02.2025, инструкторскиот тим на ПСС беше вклучен во зимска обука наменета за припадниците на Армискиот Баталјон за Специјални Намени „Волци“, како и со комплетна логистичка поддршка на обуката, која се одржа на Галичица во планинската куќа „Спиридон“, каде е сместена и спасителната станица на ПСС.
- На 20 и 21.02.2025, членовите на ПСС учествуваа во обука организирана од Црвен Крст Охрид за превенирање и справување со шумски пожари во рамки на проектот кој Црвен Крст го спроведува со Националниот Парк Галичица и спелеолошкото друштво "Урсус Спелеос" од Скопје, финансиран од ПОНТ.
- На 25.022025, во посета на Центарот на Планинската Спасителна Служба беа триесетина средношколци и студенти од Турција во рамки на Еразмус Програмата. Младите се запознаа со Центарот, опремата, начинот на функционирање и активностите на Планинската Спасителна Служба.
- На 18.02.2025, ПСС доби повик за извлекување на камп возило со странски ознаки од превојот Баба на Галичица. Интервенираше една екипа и возилото беше успешно извлечено.
- На 20.02.2025 ПСС повторно доби повик за извлекување на возило од превојот Баба. Интервенираше една екипа и возилото беше успешно извлечено.
- Истиот ден, на 20.02.2025, ПСС со 6 члена и два лекарски тимови од Црвен крст Охрид, со 3 возила (две амбулантски и едно теренско) беше ангажирана во Кочани, како дел од тимовите за Прва Помош организирани од Републичкиот Црвен Крст за време на погребот на жртвите од несреќата која се случи во дискотеката во Кочани.

- На 30.04.2025, во Центарот на ПСС беше одржана обука наменента за ренџерската служба од НП Галичица и доброволните противпожарни друштва кои делуваат во охридскиот регион. Обуката ја спроведе инструкторскиот тим на ПСС и беа опфатени теми од Прва Помош, основи на планинското спасување, како и имобилизација и транспорт на повредени на планински терен со примена на специјализирани и импровизирани средства.
- Од 11 до 13 април 2025 година, во Крањска Гора, Словенија, се одржа Регионален состанок на балканските служби за планинско спасување, на кој учествуваше и Планинската Спасителна Служба при Црвен Крст Охрид. Домаќин на овој значаен настан беше Gorska Reševalna Zveza Slovenije, а на средбата учествуваа делегации од Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Словенечките колеги ги презентираа своите искуства и придобивките од соработката со армиските и полициските воздухопловни сили. Овој модел е одличен пример за интеграција помеѓу државните институции и волонтерските служби – концепт кој резултира со зголемена ефикасност и безбедност при изведување на спасувачки операции на тешко пристапен планински терен. Покрај веќе воспоставениот и функционален систем за хеликоптерско спасување, беше претставен и најновиот пристап во техничко спасување. Круна на состанокот беше потпишувањето на Регионален договор за соработка, кој ќе претставува основа за цврста и долгорочна координација помеѓу службите од регионот. Договорот има за цел да обезбеди структурирана и континуирана соработка, за поефикасно справување со предизвиците во областа на планинското спасување.
- 04.05.2025, Повик за повреден велосипедист кј Суво Поле на Галичица. Интервенираше една екипа со возило. Повредениот беше транспортиран до Планинската куќа “Спиридон”, а оттаму превземен од пријател со возило.
- 11.05.2025, Повик во 21.00 за изгубен човек во атарот на с. Сирула. Истиот беше лоциран преку мобилен телефон од страна на неговиот син и по неколкучасовна потрага пронајден од страна на службеници од СВР Охрид. Иако ПСС се екипира и беше на готовс, немаше потреба од интервенција.
- Во периодот 23-24.05.2025 традиционално се одржа натпреварот во планинско трчање Охрид Ултра Треил. ПСС го обезбедуваше настанот со две екипи, една во Оперативниот Центар, а друга во Планинската куќа "Спиридон". Интервениравме само во еднаш, кј девојка со паничен напад. Истата беше евакуирана на "Патеката од Леко" и предадена на Брзата Помош.
- 30.05.2025, Во дружење, игра и забава, децата што ја следат програмата во едукативниот центар на Црвен крст Охрид, „Полетарче“, го одржаа последниот час од пролетниот циклус на Програмата за подготовка на деца за во  училиште, во Оперативниот центар на Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид, каде љубопитството за работата на спасителите на планина им беше задоволено со видео презентации од спасителните акции презентација на опремата за спасување и елементарни техники за искачување на вештачката карпа.
- 05.06.2025, По претходно остварената средба со раководството на Македонска алпинистичка федерација во Скопје, министерот за спорт г. Борко Ристовски престојуваше во Охрид, каде што го посети Оперативниот и тренинг центар на Планинската Спасителна Служба. На средбата присуствуваше и градоначалникот на општина Охрид, г. Кирил Пецаков. Волонтерите на ПСС му ја презентираа на министерот инфраструктурата, опремата и возилата со кои располага службата, како и важноста на континуираната поддршка од општината, која е клучна за одржување на оперативната подготвеност, но и за унапредување на спортската дејност. Министерот Ристовски го изрази своето задоволство од постигнатото и најави зголемена поддршка за сите општествено-корисни иницијативи во кои волонтерски учествуваат членовите на ПСС.

- 09.06.2025, Утрото, оперативниот центар на ПСС доби повик за интервенција на врвот Парумба, на Јабланица, каде жена од Струга, се здобила со сериозна повреда на скочен зглоб. Поради комплексноста на теренот и далечината од најблискиот пристапен пат, ПСС се обрати до ЦУК со барање за воздухопловна асистенција. Во меѓувреме, еден тим од 6 спасувачи со теренско возило беше на готовс со цел пешки да пристапи во случај да нема можност за интервенција со хеликоптер. За среќа, после 2 часа беше полетан хеликотер на МВР во содејство со припадници на Специјалната Антитерористичка Единица.
- 13.06.2025, Повик за повредена жена кј месноста Канео. Истата при пешачење го исчашила скочниот зглоб. Интервенираше четиричлена екипа. Жената беше имобилизирана и со пловен објект пренесена до охридското пристаниште каде беше предадена на Брза Помош.
- На 22 јуни ПСС традиционално го обезбедуваше рекреативно спортскиот настан Тур де Галичица во организација на Преспа Бајк. Беше организирана една екипа стационирана во спасителната станица Планинска куќа "Спиридон". Настанот помина без потреба од интервенции.
- 27-29.06.2025, Инструкторскиот тим при Планинската Спасителна Служба организираше обука за волонтерите во рамки на организациите членки на Националниот Сојуз за Планинско Спасување. Обуката се одржуваше во с. Велестово и во околината на Планинската куќа "Спиридон" на Галичица. На тридневната обука се опфатија следните теми:
  - Предавање за радио станици, фреквенции, законска регулатива и правилна употреба
  - Имобилизации на повредени со примена на специјализирани средства според препораките на ICAR
  - Мултифункциски носилки и транспорт на повредени на нетехнички планински терен
  - Техники за работа на технички терен, со примена на т.н. Lightweight Equal Load Ropes најнова препорака од ICAR
  - Подготовка на спасителна операција

  На крајот од обуката беше изведена заедничка вежба за спасување, со примена на претходно работените техники.
- На 06.07.2025, околу 16:30 часот, до оперативниот центар на ПСС беше упатен повик за помош од вработен во НП Галичица. На наплатниот пункт „Дервен" лице од Турција пријавило дека негов пријател – параглајдерист – принудно слетал во околината на врвот Магаро и му е потребна евакуација. По брза координација и утврдување на точната локација, параглајдеристот беше лоциран на тешко пристапниот и карпест дел, на западната страна од планината. Несреќата се случила околу 16:00 часот, кога, од непознати причини, пилотот изгубил целосна контрола над крилото и бил принуден да го активира резервниот падобран. За среќа, слетал без физички повреди. Од моментот на пријавата, операторот од ПСС остана во постојан контакт со параглајдеристот. Истовремено, спасител од ПСС кој се наоѓаше во Планинската куќа „Спиридон" веднаш се упати кон локацијата, додека дополнителен тим од 5 спасувачи остана во приправност во Охрид, подготвени за асистенција доколку е потребно. Околу 18:00 часот, спасувачот пристигна до местото, му даде храна и вода на параглајдеристот, и заедно безбедно се вратија кон Планинската куќа.
- На 04.07.2025 ПСС оствари значајна и пријателска средба со повеќе од стотина полициски службеници од СВР Охрид, со кои редовно соработува во спасувачки интервенции на планински терен. Настанот се одвиваше во форма на еднодневен планински марш, кој дополнително ја зацврсти соработката, меѓусебната доверба и тимскиот дух помеѓу службите што се среќаваат во најсложените и најризични ситуации на терен. На маршот, покрај началникот на СВР Охрид г-дин Игор Смилевски и највисокото раководство на СВР Охрид, присуствуваше и директорот на Бирото за јавна безбедност при МВР, г-дин Александар Јанев,

кој ден претходно го посети Оперативниот и Тренинг центар во Охрид, како и спасителната станица лоцирана во рамки на планинската куќа „Спиридон“ на Галичица. Беше презентирана инфраструктурата, опремата и организациската поставеност на спасителните тимови, кои, иако се базираат на волонтерска работа, се признат и неопходен дел од системот за спасување и превентивно делување во планинските региони. Раководителот на ПСС Антонио Додевски, го информираше директорот за моменталната структура, мрежа и капацитетите на Националниот сојуз за планинско спасување, а во фокусот на разговорот беше унапредување на координацијата и заедничкото делување помеѓу волонтерските спасителни тимови и соодветните сектори на Министерството за внатрешни работи. Разменети беа идеи и конкретни предлози за зајакнување на институционалната поврзаност, креирање заеднички обуки и воспоставување на стандардизирани протоколи за интервенција. Оваа соработка претставува важен чекор кон зголемување на ефикасноста, брзината и подготвеноста при спасувачки операции, што е заедничка мисија на Министерство за внатрешни работи и Националниот Сојуз за Планинско Спасување во насока на унапредување на безбедноста на граѓаните и посетителите на планинските и рурални подрачја.

- На 10.07.2025, на иницијатива на претседателот на НСПС, Антонио Додевски, во оперативниот и тренинг центар на ПСС се одржа средба со амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија, г-дин Михалис Рокас. Амбасадорот Рокас имаше можност одблиску да се запознае со инфраструктурата, опремата и човечките ресурси со кои располага ПСС. На средбата беа презентирани тековните и идните проекти на НСПС, насочени кон унапредување на планинското спасување на национално ниво, како и стратегијата за изградба на функционален и одржлив систем за координирано дејствување низ целата територија на државата. Претседателот Додевски го информираше амбасадорот за организациската структура на НСПС, за мрежата од локални спасителни тимови кои функционираат на волонтерска основа, како и за предизвиците со кои се соочуваат, особено во делот на системско препознавање и интегрирање на волонтерските организации во државниот систем за цивилна заштита. На средбата присуствуваа и претседателот на Црвен крст Охрид, г-дин Сашо Точков, и секретарот, г-ѓа Мимоза Ставрева, долгогодишни поддржувачи на ПСС, која повеќе од две децении делува во рамки на општинската организација како столб на безбедноста во охридскиот регион. Амбасадорот Рокас ја изрази својата поддршка и воодушевување од капацитетите на ПСС Охрид, истакнувајќи дека вакви успешни модели на самоорганизирани и стручно обучени тимови претставуваат вистински пример за тоа како може да се изгради силен, функционален и европски ориентиран систем на заштита и спасување. Тој ја изрази и својата лична подготвеност да го поддржи процесот на институционално интегрирање на НСПС во државните структури.
- На 13.08.2025, ПСС доби повик за заглавено теренско возило на странски државјани на патот за Крстец кј месноста Поник на Галичица. Интервенираше една екипа и возилото беше извлечено.
- На 16.08.2025, ПСС заедно со членовите на доброволното противпожарно друштво “Љубители и поддржувачи на Национален Парк Галичица” учествуваше во показна вежба “Првичен одговор од пожар во Националниот парк Галичица” логистички поддржана од екипа за Прва помош при Црвен крст Охрид. Вежбата се организира во рамки на проектот "Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени" и истиот е финансиски поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust - PONT, а го спроведуваат Црвен крст Охрид и Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ – Скопје во соработка со Јавната установа Национален парк Галичица.
- На 28.08.2025 ПСС доби за повреден на непозната локација во близина на с. Куратица. Беше формирана екипа за интервенција, но во меѓувреме добивме информација дека повредениот го пронашле и евакуирале негови соселани.

- На 05.09.2025 ПСС доби повик за повреден учесник во планинската авантура "Хајлендер". Кј месноста Летница (на пресекот со Велгошки пат), учесник од Србија го повредил скочниот зглоб, при што не беше во состојба да продолжи. Интервенираше една екипа со теренско возило. Се изврши брза имобилизација и повредениот беше евакуиран.
- На 18.09.2025 ПСС доби повик за повреден германски државјанин на Галичица. При качување на врвот Магаро, пред самиот излез од шумата, го повредил коленото и не бил во состојба самостојно да се движи. Интервенираше спасител на ПСС кој престојуваше во Планинската куќа Спиридон. Со теренско возило успеа да стигне во близина на самото место и да го спушти до планинската куќа од каде со возило продолжи со неговата сопруга до Специјализираната болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо.
- На 24.09.2025, околу 18:30 часот, добивме повик од група параглајдеристи кои летале од падините на Галичица. Тие пријавија дека нивниот пријател, државјанин на Германија, од засега непознати причини доживеал тежок пад од поголема височина, на исклучително непристапен и карпест терен. Тројца спасители на ПСС во тој момент престојуваа во планинарската куќа „Спиридон“, веднаш по дојавата, за околу 15 минути стигна до местото на несреќата, изврши имобилизација на повредениот и започна комплексен транспорт по стрмен и тежок терен. Дополнителна отежнувачка околност беа и ноќните услови во кои се одвиваше целата акција. По повеќе од еден час напорна интервенција, во 20:20 часот, повредениот беше безбедно спуштен до асфалтниот пат кај превојот Баба, каде беше предаден на екипа на Итната медицинска помош од Охрид. Од таму, тој веднаш беше пренесен во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“, каде, за жал, му беа констатирани фрактури на пет пршлени во долниот дел на ‘рбетот.
- Во периодот од 25 до 28 септември 2025 година, во Охрид имавме голема чест да бидеме домаќини на билатерална инструкторска средба помеѓу инструкторите на НСПС (Националниот сојуз за планинско спасување) и претставници од инструкторскиот тим на Gorska Reševalna Zveza Slovenije. Целта на средбата беше меѓусебно зближување и размена на искуства за обука на спасувачи во двете земји. Посебно внимание беше посветено на новата типизирана техника за техничко спасување, која од февруари оваа година официјално се применува во Словенија. Овој „револуционерен“ пристап значително ги поедноставува процедурите при интервенции на комплексен терен, со што се намалува потребната опрема, а истовремено се зголемува ефикасноста и безбедноста на спасувачите, целосно во согласност со препораките на ИКАР. Средбата се искористи и за зближување преку заеднички теренски активности: работни сесии, качување на карпите во локалитетот за алпинизам на Галичица и добро познатата Виа ферата „Доброја”.
- 16.10.2025 ПСС доби повик за интервенција кј Канео. Повозрасна жена, гостин во ресторанот се пожалила на срцеви проблеми. Интервениравме со една екипа. На жената и беше укажана Прва помош, беше транспортирана преку мостот и превземена од екипа на Брза помош.
- На 03.11.2025 во просториите на Центарот на Планинската Спасителна Служба се одржа промотивниот настан со кој се означи почетокот на реализација на проектот „Волонтери во акција за безбедност на граѓаните и заштита на природата“. Носител на проектот е Црвен крст Охрид и истиот е финансиран од Европската Унија, преку ИПА 3 програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија. Покрај останатите активности, со овој проект ќе биде обезбедена опрема и теренски возила наменети за ПСС и ќе бидат спроведени два циклуси на заеднички обуки. Првиот со волонтерските тимови за спасување на планина од соседна Албанија, а вториот со ренџерската Служба која делува во рамки на Националниот Парк Галичица. Целта е зголемување на капацитетите на волонтерските служби во прекуграничниот регион во согласност со меѓународните стандарди.

- На 20.12.2025 Планинската Спасителна Служба организираше редовна зимска обука. Обуката се одвиваше во близина на спасителната станица на ПСС на планината Галичица. Се повторуваа теми поврзани со зимски алпинистички техники и спасување во зимски услови.

**Симулациска вежба во соработка со ЕМСА Македонија**

На 13 и 14 јули, Црвен крст Охрид во соработка со ЕМСА Македонија организираше две симулациски вежби во хотел Аквалина, со цел унапредување на капацитетите за делување во итни ситуации. Првата вежба која се одржа на 13.07.2025 година беше симулација за спасување на давеник во вода, реализирана од тим спасители од Центарот за безбедност на вода при Црвен крст Охрид. Втората вежба која се одржа на 14.07.2025 беше симулација на сообраќајна несреќа, во која интервенираше екипа за прва помош од Црвен крст Охрид, покажувајќи брза, професионална и координирана реакција. Овие активности се дел од нашата постојана заложба за зголемување на подготвеноста и едукација на младите и професионалците за справување со реални кризни ситуации. Се заблагодаруваме на ЕМСА Македонија за поканата и прекрасната прилика.

**Симулациска вежба**

На ден 26.07.2025 година, Црвен крст Охрид со екипи за прва помош, прва психолошка помош и спасители на вода од Центарот за безбедност на вода учествуваа во симулациска показна вежба, заедно со локалните интервенциски единици. Вежбата беше спроведена во рамки на проектот од МВР „Од Вас, за Вас“ и беше со цел да се демонстрира подготвеноста на службите за делување на вакви и слични ситуации. За време на вежбата беа прикажани техники за брза и ефикасна интервенција при несреќи на вода и копно, со цел подобрување на координацијата меѓу различните служби и зголемување на безбедноста на граѓаните и туристите. Благодарност до сите учесници и соработници кои се вклучија и покажаа дека тимската работа и брзата реакција спасуваат животи!

**Показна вежба за заштита, спасување и евакуација при случена елементарна непогода во ЛТХ Леарница**

Професионалност, координираност и ефикасност во делувањето покажаа тимовите на Територијалната противпожарна единица Охрид, Секторот за внатрешни работи Охрид и тимовите за прва помош, реалистички приказ на повреди и психолошка прва помош на Црвен крст Охрид кои беа вклучени во организација и реализацијата на показната вежба за заштита, спасување и евакуација при случена елементарна непогода, која се одржа на 06.10.2025 година во компанијата ЛТХ Леарница. Висока одговорност и присебност манифестираа менаџментот и вработените во компанијата ЛТХ Леарница.во делувањето при вакви несреќи и евакуацијата од зградата на компанијата. Стручните тимови на надлежните институции ќе извршат евалуација на самата показна вежба каде ќе се евидентираат и истакнат добрите страни и евентуалните слабости, со цел надминување на истите. Изразуваме голема благодарност до сите институции инволвирани во оваа вежба, ја истакнуваме високата општествена одговорност и професионалност на менаџментот и вработените во компанијата ЛТХ Леарница и ги охрабруваме сите правни субјекти, сериозно да пристапуваат и ги применуваат чекорите за превенција и постапките за делување и одговор во случај на елементарни непогоди и катастрофи, во своите компании, институции, фирми.

**Симулациска показна вежба- последици од користењето на петарди**

Во рамки на своите здравствено-превентивни активности, Црвен крст Охрид ја продолжи соработката со СВР Охрид – Одделението за превенција, со посебен акцент на превенцијата од ризиците предизвикани од употребата на пиротехнички средства. На 29.12.2025 година, на Градското пристаниште, пред споменикот на „Фаќачот на крст“ во Охрид, припадници на СВР Охрид – Одделение за превенција и волонтери на Црвен крст Охрид спроведоа едукативна активност при која беа делени информативни материјали за опасностите и последиците од користењето на петарди и други пиротехнички средства.

Преку директна комуникација со граѓаните беше нагласено дека употребата на пиротехнички средства претставува сериозен ризик по здравјето и безбедноста и дека истата е законски санкционирана. Во рамки на активноста беше реализирана и симулациска показна вежба, при која парамедиците на Црвен крст Охрид прикажаа повреди на екстремитети настанати од експлозија на петарди, како и правилно укажување на прва помош при ваков тип на повреди. Целта на симулацијата беше преку реалистичен, но едукативен пристап да се подигне свеста кај граѓаните за сериозноста на последиците кои може да настанат од несовесна употреба на пиротехнички средства. Преку оваа активност беше испратена силна и јасна порака дека „Петардите не се играчка", со апел до децата, младите, но и до родителите за поголема одговорност, внимание и грижа, со цел претстојните Новогодишни и Божиќни празници да поминат безбедно, без повреди и несакани последици.

**Штафетно нуркање за мир**

13 храбри и хумани луѓе со својот силен дух и волја, вештина и способност ги брануваа мирните езерски води нуркајќи на здив на патека во должина од 25 м. поставена во Охридското езеро кај Стартото пристаниште. Сите тие, но и бројни посетители, волонтери на Црвен крст Охрид од сите возрасти, беа дел од меѓународниот уникатен настан „Штафетно нуркање за мир" кој се реализираше на 25.08.2025 г., во рамки на овогодинешниот Фестивал на водени спортови, а по повод јубилејот 80 години Црвен крст Охрид. Штафетното нуркање го започна 71 годишниот Јане Петков, „човекот амфибија" од Сандански, Бугарија нуркајки 25 м. со една рака врзана за телото, а го продолжија кршните момци од специјалната единица на АРМ, Волци, спортски ентузијасти од Охрид и двајца ветерани од Бугарија. Сплотени сите заедно, од Охрид, „Балканскиот Ерусалим" упативме силна порака за мир, почитување и толеранција и практикување на здрави животни навики како услов за здрав разум. Ви благодариме на сите што учествувавте и не поддржавте. Овој настан уште еднаш покажа дека преку спорт, заедништво и хуманост – можеме гласно да зборуваме за вредностите кои сите ги посакуваме.

**Топлотен бран**

Во летниот период со жешки температури, важно е нашите граѓани да се информирани за тоа како да се заштитат од топлотниот бран. За таа цел младите волонтери од Клуб на Млади од Црвен крст Охрид делеа едукативни флаери со совети за превенција од топлотен бран и шише ладна вода. Вниманието најмногу го насочија кон повозрасните лица и хронично болните кои се во поголем ризик во ова топло време на кои, покрај тоа што им беа дадени препораки за заштита од топлото време, им беше и измерен крвниот притисок. Исто така, дистрибуирани беа и материјали со препораки за заштита од топлото време коишто се наменети за матичните лекари. Во дистрибуцијата на едукативните материјали за заштита од топлотен бран се вклучија и нашите спасители на вода кои им делеа такви материјали на посетителите на охридските базени и плажи. Исто така, во соработка со полициски службеници од езерската полиција, материјали со совети за заштита од топлото време им беа поделени на граѓани во пловни објекти.

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**

Во 2025 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

### МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА

Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени во најголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални,

совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

**Бројни активности на младите**

Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, трговија со луѓе,подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

**Младински подкаст**

И оваа година продолживме со активностите на Младинскиот подкаст во рамки на Црвен крст Охрид кој го водат наши волонтери. Серијалот „Младински подкаст" преставува место каде младите волонтери на Црвениот крст ќе можат отворено да зборуваат за најактуелните теми во денешницата кој ги залага младите, како и за нивните волонтерски искусва во Црвениот крст.

Во текот на 2025 година, тимот на Младинскиот подкаст при Црвен крст Охрид креираше 7 епизоди од втората сезона на подкастот, во кои гостуваа сегашни и поранешни волонтери на Црвен крст Охрид, како и член на делегацијата од Норвешка, во рамки на потпишаниот меморандум со Црвен крст Норвешка. Во месец декември започна и реализацијата на третата сезона на Младинскиот подкаст, во која беа креирани уште 2 епизоди. Младинскиот подкаст продолжува со својата работа.

**Кампања за регрутација на млади волонтери**

Во рамки на програмата на Клубот на млади при Црвен крст Охрид, во периодот од 01.09 до 07.10, Клубот на млади реализира кампања за регрутација на млади волонтери под мотото #МладиЗаОхрид.
Кампањата има за цел да ја поттикне младинската активност, волонтерскиот дух и хуманоста кај младите. Со ова сакаме да создадеме простор каде младите ќе можат: да развиваат солидарност, хуманост и емпатија, да стекнат практични вештини за прва помош, социјална акција и хуманитарни проекти, да придонесуваат за подобрување на заедницата, Да го развиваат своето лично лидерство и тимска работа.
Кампањата се состоеше од активности кои се одржуваа секоја сабота:
-06.09 - Game Night - 20:00ч, Црвен крст Охрид;
-13.09 - Movie Night - 20:00ч Црвен крст Охрид;
-20.09 - Забава - Црвен крст Охрид;
-27.09 - #МладиЗаОхрид - 12:00ч - Градски плоштад;
-04.10 - "ROCK AND MOB" - 14:00ч - Градски плоштад;

Со кампањата #МладиЗаОхрид градиме силна младинска заедница, полна со солидарност, тимска работа и позитивна енергија.

**Недела на млади**

Традиционално, во периодот од 1 до 7 октомври, Црвен крст на Република Северна Македонија ја одбележува Неделата на младите. Во текот на оваа недела, Клубовите на млади при општинските организации на Црвениот крст ги промовираат своите активности, својот труд и работа, како и волонтирањето меѓу младите.

Неделата на млади во Црвен крст Охрид беше одбележана со повеќе активности, како:

- 06.09.2025 - **GAME NIGHT** - Game Night е настан наменет за дружење и забава преку различни друштвени и тимски игри. Учесниците имаат можност подобро да се запознаат, да соработуваат и да се опуштат во пријатна атмосфера. Игрите поттикнаа смеа, заедништво и

позитивна енергија, а вечерта беше одлична можност за квалитетно поминато време со врсниците.

- 13.09.2025 - **MOVIE NIGHT -** Movie Night е филмска вечер каде младите заеднички гледаа избран филм со интересна и поучна порака. По филмот следеше краток разговор во кој учесниците можеа да ги споделат своите мислења и впечатоци. Настанот нуди опуштена атмосфера, дружење и можност за размислување за теми важни за младите.
- 17.09.2025 - **ТИМ БИЛДИНГ РАБОТИЛНИЦА -**Оваа работилница беше наменета за зајакнување на тимскиот дух и подобрување на односите меѓу членовите. Преку интересни активности и заеднички задачи, младите учеа како подобро да соработуваат, да се поддржуваат и да функционираат како тим. Работилницата придонесе за подобра атмосфера и поголема поврзаност во групата.
- 28.09.2025 - **ЗАБАВА -**Забавата беше организирана како неформален настан со музика, смеа и дружење. Целта беше младите да се опуштат, да се забавуваат и да поминат убаво време заедно. Настанот придонесе за создавање позитивни спомени и зајакнување на пријателствата меѓу учесниците.
- 01.10.2025 - **ЕСЕНСКА РАБОТИЛНИЦА -** Есенската работилница е креативна активност инспирирана од боите и атмосферата на есента. Учесниците изработуваа рачни креации и учествуваат во интересни активности, при што ја изразија својата креативност и уживаа во заедничката работа.
- 04.10.2025 - **ЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВО -** Овој настан е посветен на децата и нивната среќа и благосостојба. Преку различни активности и пораки, младите придонесоа кон подигање на свеста за важноста на грижата, поддршката и љубовта кон секое дете. Настанот има за цел да поттикне хуманост и солидарност.
- 04.10.2025 - **ROCK AND MOB** - Rock and Mob е енергичен музички настан кој обединува млади љубители на рок музиката и добра забава. Преку музика, движење и позитивна енергија, учесниците испратија
- порака за заедништво, младинска активност и креативно изразување.

Одбележувајќи ја Неделата на млади, волонтерите на Црвен крст Охрид, покрај тоа што го промовираат доброволниот ангажман на младите, упатуваат порака до своите врсници да се приклучат кон хуманото семејство на Црвениот крст и да растат и да се развиваат работејќи за доброто на друг.

**Локално собрание на млади и Локален младински совет при Општина Охрид**

Како член во Локалното собрание на млади на Општина Охрид, оваа година беше Лина Јоноска, волонтер во Клуб на млади од Црвен крст Охрид, а како член на Локален младински совет при Општина Охрид беше Иво Георгиевски, Лидер на Клуб на млади од Црвен крст Охрид.

**Клуб на читатели**

И оваа година продолживме со активности за Клубот на млади читатели во рамки на Црвен крст Охрид. Клубот на млади читатели започна со работа во декември 2023 година на иницијатива на волонтерките Јана Каралиевска и Исидора Маркоска. Клубот има цел да ја поттикне љубовта кон книгите и читањето кај младите, создавајќи инспиративна и пријателска средина за размена на идеи, дискусии и литературни авантури.

Во текот на изминатата 2025та година беа одржани четири состаноци на клубот, а беа прочитани и се разговараше за четири книги. Клубот се состои од 10 пријавени членови кои сами ги избираат книгите на месецот чии жанрови варираат и опфаќаат најразлични тематики, а на секој состанок се организираше и некоја специјална активност поврзана со избраната книга. Со ова се креира една прекрасна атмосфера во

која младите љубители на литературата можат слободно да ги искажуваат своите мисли, идеи и страста кон пишаниот збор.

**Нова генерација врснички едукатори во Црвен крст Охрид**

Клубот на млади при Црвен крст Охрид, во периодот од 18 до 19 и 23 октомври, ја реализираше обуката за новата генерација врснички едукатори во просториите на Црвен крст Охрид. Во текот на обуката, учесниците преку интерактивни активности, игри и дискусии имаа можност да се запознаат, да изградат тимски дух и да развијат вештини кои се клучни за нивната иднина како млади лидери и едукатори.

Темите кои се обработуваа вклучуваа:

- Улогата и значењето на врсничкиот едукатор;
- Комуникациски, презентациски и фасилитаторски вештини;
- Тимска работа, градење доверба и справување со предизвици при јавно говорење;
- Меки вештини и личен развој.

Преку практични вежби, учесниците ја применија теоријата во пракса и покажаа креативност, самодоверба и заедништво. Деновите беа исполнети со енергија, позитивна атмосфера и многу ентузијазам. На 23.10.2025 година, на последниот ден од обуката, беа одржани пробните врснички едукации, кога шест кандидати ги презентираа своите први часови пред волонтерите на Клубот на млади:

- Елена Павловска и Михаела Плевнароска – „Градење на самодоверба“
- Лина Јоноска и Анастасија Треноска – „Превенција од трговија со луѓе“
- Јована Шутароска и Ангел Крстески – „Превенција од болести на зависности“

Сите учесници покажаа одлична подготовка, комуникација и посветеност – вредности кои го дефинираат вистинскиот врснички едукатор. Обуката ја реализираше Борче Исакоски, долгогодишен волонтер и обучувач на врснички едукатори при Црвен крст Охрид.

Целта на оваа обука е да се создаде нова генерација млади лидери кои преку знаење, личен пример и поддршка ќе делуваат позитивно во заедницата, ќе мотивираат и ќе инспирираат други млади.

**Ден на вљубените**

На редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен Охрид беше одржана работилница по повод „Денот на вљубените“. Оваа работилница беше со цел да им овозможи на учесниците креативен и забавен начин да го одбележат 14 февруари - Денот на вљубените преку рачни изработки и споделување позитивна енергија. Околу 100 изработки на 14.02.2025 година беа поделени од нашите волонтери на граѓаните од нашиот град кои беа излезени во центарот за да го одбележат овој празник. Исто така, беа насликани пораки за ширење на љубов низ нашиот град Охрид

**Работилница на тема „Како полесно да донесам одлука за на факултет“**

Клубот на млади при Црвен крст Охрид, на 16.02.2025 година организираше многу интересна и корисна работилница за младите на тема кариерно советување насловена „Како полесно да донесам одлука за на факултет“. На оваа работилница присуствуваа 23 млади, а истата беше одржана од страна на Борче Исакоски - поранешен Лидер на Клуб на млади. Присутните ги идентификуваа своите професионални интереси, вештини и можности, со цел да донесат информирани одлуки за својата кариера.

**Кариерно советување во Клуб на млади**

На 19.02.2025 година, на редовниот состанок на Клубот на млади, Црвен крст Охрид во своите простории организираше работилница на тема „Кариерно советување“. На предавањето присуствуваа 21 млади, а истото беше одржано од страна на м-р Марија Коваческа. Целта на работилницата беше да им помогне на учесниците да ги идентификуваат своите вештини, интереси и кариерни можности, како и да ги

развијат потребните компетенции за успешно градење на нивната професионална иднина. Присутните имаа прилика подлабоко да навлезат на темите како: Кој се придобивките од кариерно советување; Подобро самоспознавање; Подготовка на професионално CV и мотивациско писмо; Истражување на кариерни можности; Мотивација и инспирација.

**Работилница за знаковен јазик**

- Во рамките на одбележување на месец февруари - месец на ретките болести, на 05.02.2025 година, на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид се одржа Работилница за знаковен јазик. Работилницата беше одржана од страна на Ангел Крстески - член на координативно тело од Клубот на млади и толкувач Лора Лазареска. Преку оваа интерактивна сесија, се совладуваа основните знаци, се разговараше за значењето на инклузијата и се направи уште еден чекор кон подобро разбирање и поддршка на лицата со оштетен слух.
- На 26.05.2025 година, во просториите на Црвен крст Охрид една од овогодинашните ЦКА-ПХВ групи кои работеа на социјален проект организираа Работилница за знаковен јазик во соработка со Здружение на глуви и наглуви лица од Охрид. Работилница беше со цел присутните да ги стекнат основите вештини за комуникација преку знаковен јазик како и да се покрене почитта и разбирањето кон глувите и наглувите лица во заедницата. Изразуваме благодарност до Здружението на глуви и наглуви лица - Охрид за одличната соработка во текот на овогодинашниот ЦКА-ПХВ циклус.

**Мотивациски работилници за крводарители**

- На ден 17.02.2025г. во просториите на ОСУ „Св Климент Охридски“ Охрид од страна на обучени мотиватори за крводарителство од Црвен крст Охрид беше организирана мотивациска работилница за крводарители. На истата учениците имаа можност да се запознаат со важноста на крводарителството. Беа презентирани критериумите, процесот и бенефитите на дарувањето крв.
- На ден 03.03.2025 г. се организираше мотивациска работилница за крводарители во СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ - Охрид од страна на обучени мотиватори за крводарителство од Црвен крст Охрид. Ученици од 4та година научија повеќе за процесот на дарување крв, критериумите за да се биде крводарител, личните бенефиции и важноста на дарувањето. За градење на подобар свет, клучно е поттикнувањето на хуманост, свесност и активизам кај младите.

**Учество на Струмички карневал 2025**

Во периодот од 28.02 до 02.03, волонтерите од Црвен крст Охрид, Давид Тризагароски и Ангел Крстески, учествуваа на кампот во организација на Црвен крст Струмица по повод традиционалниот карневал. На истиот, тие имаа можност да се запознаат со волонтери од други градови и да помогнат во тимот на прва помош и логистика на настанот. Се заблагодаруваме на Црвен крст Струмица за овозможената прилика и гостопримството

**Работилница за 8ми Март**

Во пресрет на Меѓународниот ден на жената - 8 Март, Клубот на млади во соработка со Клубот на стари лица "Најди време" од Црвен крст Охрид на ден 01.03.2025 година организираше Работилница за изработка на честитки. Целта на оваа работилница беше да се оддаде признание и почит кон жените преку креативни активности, инспиративни дискусии и споделување искуства. Присутните имаа можност да ја изразат својата креативноста преку ракотворби, уметнички изрази и пишување пораки за поддршка и инспирација.

Беа изработени околу 100 честитки, кои беа поделени на самиот ден на припадничките на понежниот пол.

**ЦКА-ПХВ Интеркултурен проект - Movie night**

Група од 6 ПХВ младинци од Црвен крст Охрид кои работеа на интеркултурен проект, со цел собирање финансиски средства за изработка на својот проект на ден 13.03.2025 во Универзитетот "Св. Апостол Павле" организирааMOVIE NIGHT со филмот "The Fast and The Furious". Овој проект дава можност на ученици од различни етнички групи да се зближат и подобро да се запознаат со деца од други култури и нивните обичаи.

**ЦКА-ПХВ Еколошки проект - Хуманитарна продажба на мафини**

Група од 7 ПХВ младинци од Црвен крст Охрид кои работеа на еколошки проект, со цел собирање финансиски средства за изработка на својот проект на ден 14.03.2025 во соработка со РЦСОО "Ванчо Питошески" - Охрид организираа работилница за изработка на мафини. Истите мафини беа продавани на случајни минувачи од нашиот град. Целта на овој проект е да се обнови дворот на градинката ЈОУДГ "Јасна Ристеска" Охрид како и да се крене еколошката свест на најмалата популација.

**Онлајн работилница: Научи вештини за да го водиш својот живот**

Продолжува соработката на Црвен крст Охрид со организацијата Canadians For Children At Health Risk, од Торонто, Канада во чии рамки се организираше инспиративна, едукативна, онлајн работилница на тема Научи вештини за да го водиш својот живот (Learning skills to lead your life). Домаќини на оваа работилница, која се одржа на 26.03.2025 г. во просториите на Црвен крст Охрид, беа младите волонтери од Клубот на млади од Црвен крст Охрид, а добредојдени беа сите оние кои сакаа да научат да практикуваат животни вештини за здрав и успешен живот. Фасилитаторот на работилницата Dr. Raphael Lindsay од Торонто, Канада, изнесе многу корисни совети и стратегии кои ќе помогнат младите: Да се охрабрат едни со други и оспособат преку различни активности за грижа за себе и јакнење на самодовербата; Да се мотивираат и поттикнат младите да останат ангажирани за помош во заедницата и позитивенживот. Им се заблагодаруваме на Canadians For Children At Health Risk за долгогодишната соработка и поддршка која ја имаат и нудат со Црвен крст Охрид

**Game night**

На последниот редовен состанок на Клубот на млади во просториите на Црвен крст Охрид, на 02.04.2025 се одржа многу интересна и актуелна активност за млади – Game night. Се играа игри како: мафија, Minecraft, Star Wars, UNO, пантомима, Who am I? и уште многу други игри кои донесоа забава и возбудливи моменти. Секој кој сака да биде дел од нашите активности, секоја среда во 20:00 часот Клубот на млади има редовни состаноци во просториите на Црвен крст Охрид.

**Мултикултурен настан**

На 29.4.2025, тим за прва помош од Црвен крст Охрид учествуваше на мултикултурен настан организиран од ОСУ „Св. Климент Охридски“ – Охрид. Нашиот тим имаше свој штанд каде што ги претстави основните чекори и важноста од правилното укажување прва помош. Присутните имаа можност и практично да научат како правилно се укажува прва помош – знаење кое може да спаси живот. Голема благодарност до ОСУ „Св. Климент Охридски“ за поканата и за можноста да бидеме дел од овој важен настан.

**ЦКА-ПХВ Интеркултурен проект – Завршен настан**

На ден 17.05.2025 на плоштадот Крушевска Република во Охрид се одржа крајниот настан од овогодинашниот ЦКА–ПХВ интеркултурен проект насловен „Различни култури-едно срце“. Настанот беше со цел да се поттикне меѓусебното разбирање, почитување и соработка меѓу различните културни заедници во нашето општество преку промовирање на културната разноличност и заедничките вредности. Целта

беше успешно постигната преку прекрасниот настап на бендот HUMANE – ХУМАН од Црвен крст Охрид, чии музички изведби ја пренесоа пораката на единство и хуманост. Дополнително, преку прекрасно рецитираните поезии на македонски, турски и албански јазик се создаде атмосфера на заемно почитување и зближување. Настанот претставуваше вистински простор за меѓусебно запознавање, дијалог и пријателство.

**Обука - Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина**

Во периодот од 12 до 14 мај 2025 година, во хотел „Сириус“ во Струмица се одржа обука на тема „Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“. Обуката имаше за цел да поттикне меѓусекторска соработка и подигнување на јавната свест за еколошките предизвици преку концептот на зелено застапување. На обуката се обработуваа четири клучни теми: Животна средина и тековни еколошки предизвици, Основни поими во социјалната заштита, Зелена социјална работа како иновативен пристап и Улогата на младинската работа во еколошкиот активизам. Од страна на Црвен крст Охрид учество земаа Даниела Вељановска и Ранко Раткушиноски, дел од стручната служба при Црвен крст Охрид. Тие активно придонесоа во дискусиите и работилниците, споделувајќи искуства и иницијативи за одржлива иднина. Обуката заврши со изработка на предлог-иницијативи за активности и застапување на политики за заштита на животната средина, со акцент на вклучување на младите и ранливите категории на граѓани.

**Саем за волонтерски можности 2025**

На ден 17.05.2025 Црвен крст Охрид учествуваше на Саем за волонтерски можности 2025 во организација на Младински Центар Охрид. Преку поставениот штанд за дисеминација посетителите можеа подобро да се запознаат со програмите за волонтирање што ги нуди Црвен крст Охрид како и да добијат информации за мисијата и движењето на Црвениот крст. Дополнително, преку организираниот пункт за правилно укажување прва помош, граѓаните имаа можност да научат животоспасувачки вештини за укажување прва помош. Преку интерактивни демонстрации, волонтерите обучени по прва помош им овозможија на заинтересираните директно искуство и знаење што може да спаси живот. Се заблагодаруваме на поканата и можноста да бидеме дел од овој настан.

**Матуранти 2025**

На 28.05.2026 година, на последниот редовен состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид, беа доделени симболични подароци и благодарници на 32 волонтери кои оваа година се матуранти и имале голем придонес во Клубот на млади. Атмосферата беше исполнета со многу емоции: среќа, благодарност, носталгија и спомени. Присутните се потсетуваа на своето прво волонтерско искуство, незаборавни дружење и што научиле за време на нивното волонтирање. На крајот од церемонијата традиционално, секој матурант доби своја персонализирана чаша со испишано име и презиме. Овие подароци беа доделени од раководството на Клубот на млади при Црвен крст Охрид како знак на благодарност и сеќавање на нивната посветеност и труд. Покрај благодарници и симболични подароци, беа доделени и уверенија за врснички едукатори на 10 волонтери кои го поминале процесот на обука. Изразуваме огромна благодарност на нашите волонтери за секој нивни придонес и за секоја идеја што ја вложиле. Им посакуваме многу успеси во иднина.

**Coffee & talks**

"Coffee & Talks" е една од многуте традиционални активности што ги релизира Клубот на млади при Црвен крст Охрид. Овој пат на тема: Основи во психолошка прва помош. Работилницата беше одржана на 31.05.2025 година, во едукативниот центар на Црвен крст Охрид во село Велестово на која присуствуваа 20 волонтери на Клубот на млади, фасилитатор на истата беше Катерина Наумоска. Менталното здравје

кај младите ја сметаме како една многу важна тема за која треба отворено да се дискутира. Отворената дискусија ја руши стигмата, охрабрува поддршка и придонесува кон здрава, емпатична и посилна заедница.

**Sunset & Chill**

На 28.06.2025 година во паркот пред хотел SU, Клубот на млади при Црвен крст Охрид ја организираше својата традиционална активност наменета за дружба и релаксација на младите "Sunset and chill". Одличната музика и прекрасното зајдисонце беа причината за супер поминатото време на повеќе од 20 присутни млади. Се заблагодаруваме за огромната поддршка од Su Hotel при организацијата на овој настан.

**Учество на Национален летен младински камп 100 % Црвен крст 2025**

Црвен крст на Република Северна Македонија во периодот од 18 до 24 јули во кампот "Скаут" во Струга организираше "Национален летен младински камп 100% Црвен крст", на кој присуствуваа претставници од сите општински организации меѓу кои и Црвен крст Охрид, волонтерите Јована Шутароска и Елена Павловска. Кампот беше со цел зајакнување на капацитетите на раководните структури на клубовите на млади како и стекнување на знаење и вештини за организирање на младите во своите клубови, развојот на клубот на млади како и планирање и реализирање младински иницијативи.

**Партнерска активност со Клуб на млади Битола**

Во периодот од 15 до 17 август 2025 година, во Тренинг-едукативниот центар на Црвен крст Охрид во с. Велестово, се одржа партнерска активност помеѓу Клуб на млади Охрид и Клуб на млади Битола. Целта на оваа активност беше унапредување на меѓусебната комуникација, развивање на соработка и размена на искуства помеѓу младите волонтери. Освен тоа, настанот овозможи простор за заедничко планирање на идни иницијативи и акции, создавајќи посилна мотивација, чувство на припадност и заедничка визија кај волонтерите од двата клуба. Атмосферата беше исполнета со позитивна енергија, смеа и другарство, што ја зацврсти врската помеѓу младите волонтери и го потврди значењето на заедничкото делување. Во рамки на активноста беа реализирани повеќе тимски игри, работилници и дискусии, кои овозможија младите да ги развиваат своите лидерски и комуникациски вештини. На тој начин, секој учесник придонесе кон градење на сплотен тим кој ќе продолжи да дејствува во интерес на заедницата. Оваа партнерска активност е само почеток на нови заеднички приказни и успешни иницијативи, кои ќе ја продлабочат соработката меѓу младите волонтери.

**Учество на младински камп во Струмица**

Во периодот од 12 до 15 септември 2025 година, двајца волонтери од Црвен крст Охрид беа дел од кампот „5 години под ѕвездите“ во Струмица, на покана на ООЦК Струмица. Тие имаа можност да се едуцираат за правилно постапување при шумски пожари, а истовремено да уживаат во авантурите – искачување на врвот „Ѕвездин Врв“ и посета на културното богатство „Ѓаолскиот мост“. Нашите волонтери се вратија со прекрасни впечатоци од забавата и игрите во кои активно учествуваа.

**Отворен состанок на Клуб на млади**

На ден 16.10.2025 година, на редовниот состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид присуствуваа над 30 волонтери. Во пријатна и инспиративна атмосфера се разговараше за повеќе теми од интерес на младите, меѓу кои дисеминација на Црвениот крст, програмата „Зелен волонтеризам“ и превенција од трговија со луѓе.

- Дисеминација на Црвениот крст

Волонтерите се запознаа со историјата и мисијата на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Преку едукативна презентација беа објаснети седумте основни принципи – доброволна

служба, универзалност, хуманост, непристрасност, неутралност, независност и единство – како темел на секоја волонтерска активност и израз на вистинска хуманост.

- Програма „Зелен волонтеризам"

Во продолжение беше претставена програмата „Зелен волонтеризам", насочена кон поттикнување на младите да се грижат за природата и околината. Волонтерите дискутираа за можни идни активности како садење дрвја, акции за чистење и едукативни кампањи за еко-свесност и одржлив начин на живот.

- Превенција од трговија со луѓе

Последниот дел од состанокот беше посветен на темата превенција од трговија со луѓе. Преку кратка едукативна сесија и отворена дискусија, волонтерите се запознаа со начини на препознавање на ризични ситуации и добија идеи како да придонесат во подигнување на свеста кај своите врсници.
Како и после секој состанок, следеше неформална дружба во пријатна атмосфера, каде младите волонтери имаа можност да се поврзат, да споделат идеи и да се забавуваат заедно. Таквите моменти ја зајакнуваат тимската енергија и чувството на припадност во Клубот.

**Хуманитарна забава под маски**

На 31.10.2025 година во Friends Lounge Bar, Клубот на млади при Црвен крст Охрид ја ораганизираше својата традиционална Забава под маски. Вечерта помина во духот на дружењето, позитивната енергија и хуманоста – три вредности кои секогаш го следат нашиот клуб. Собраните средства од забавата беа наменети за хуманитарни цели, со што уште еднаш докажавме дека секоја забава може да има повисока цел – да донесе радост и поддршка на оние на кои им е најпотребна. Искрена благодарност до сите кои беа дел од оваа прекрасна вечер како и Friends Lounge Bar за овозможениот простор.

**Креативна работилница**

На еден од редовните состаноци на Клубот на млади при Црвен крст Охрид, на кој присуствуваа околу 40 волонтери, се одржа креативна работилница. Работилницата беше насочена кон поттикнување на тимскиот дух, креативноста и соработката меѓу младите волонтери. Преку забавни и инспиративни активности, учесниците имаа можност да изразат свои идеи, да создадат интересни креативни изработки и да научат нови начини на тимска комуникација. Атмосферата беше пријатна, весела и исполнета со позитивна енергија, а младите волонтери повторно покажаа дека кога се обединети – секоја активност прераснува во незаборавно искуство. Како и секогаш, состанокот заврши со пријатно дружење и многу нови идеи за идните активности на клубот.

**Обука за мотиватори за крводарители**

Во периодот од 21 до 23 ноември волонтер од Црвен крст Охрид учествуваше на работилници за врсничка едукација на млади на тема крводарителство. Преку разновидни активности обуката им овозможи запознавање со крводарителството, неговите принципи како и на кој начин најдобро истите да ги пренесат на своите врсници. Обуката беше заокружена со симулација на крводарителска акција која волонтерите самостојно ја организираа. На оваа обука учество зеде нашата волонтерка Јована Шутароска заедно со млади од другите општински организации на Црвен Крст.

**Ноември- месец на борба против болести на зависност**

Традиционално, Црвениот крст на Република Северна Македонија го посветува месец ноември на подигнување на јавната свест за болестите на зависност и важноста од нивната превенција. Во текот на целиот месец, посебен фокус се става на едукација, информирање и поддршка на младите, со цел рано препознавање на ризиците и градење здрави животни навики.

- **Едукации за превенција од болести на зависности**

Во рамките активностите за подигнување на јавната свест за болестите на зависност и важноста од нивната превенција, Црвен крст Охрид во соработка со СВР Охрид организираше 9 едукации кои опфатија 389 ученици од охридските средни училишта. Едукациите беа реализирани од врснички едукатори и доктори кои преку интерактивни предавања, дискусии и практични примери ги запознаа младите со последиците што зависностите ги имаат врз физичкото и менталното здравје, како и врз социјалниот живот.
Едукациите беа спроведени во следниве училишта:
- ОСУ „Св. Климент Охридски" – Охрид
- СОСУ „Св. Кирил и Методиј" – Охрид
- ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" – Охрид
- РЦСОО „Ванчо Питошески" – Охрид
- Клуб на млади при Црвен крст Охрид

Одржувањето на овие активности има јасна цел – да се нагласи дека зависноста е болест, не одлука, и дека секој млад човек заслужува информации, поддршка и средина во која може да направи здрав избор. Превенцијата е најсилното оружје за заштита на младите, а овие едукативни сесии се важен чекор во таа насока. Изразуваме искрена благодарност до СВР Охрид и до сите средни училишта во општина Охрид за нивната отвореност, поддршка и активна вклученост во заедничката мисија.

- **Панел дискусија за млади за превенција од болести на зависности**

Во рамки на активностите за превенција од болести на зависности, Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираше панел-дискусија посветена на оваа значајна тема. Дискусијата ја водеше лидерот на Клубот на млади, Иво Георгиевски, а присуствуваа 32 волонтери. Учесниците разговараа за различните форми на зависности, нивните последици и начините на навремена превенција. Особено внимание беше посветено на прашањето дали зависноста претставува болест или личен избор, поттикнувајќи отворена и конструктивна размена на ставови. Настанот овозможи продлабочување на знаењето и поттикнување критичко размислување кај младите волонтери.

**Меѓународен ден на лица со попреченост**

На 02.12.2025г. беше одбележан Меѓународниот ден на лицата со попреченост - 3 декември, а воедно и шестиот роденден на Здружението на родители и деца со посебни потреби „Тајните на моето срце". Нашите волонтери и оваа година беа дел од настанот, посветувајќи време, внимание и љубов за да измамат насмевки на лицата на присутните дечиња и да им го разубават денот. На самиот крај, дечињата добија и симболични подароци кои ја заокружија атмосферата на радост и топлина. Овој настан претставува незаборавно искуство за нашите волонтери, кои повторно ја почувствуваа вистинската среќа токму преку искрената радост и насмевките на децата.

**Светски ден на волонтерството**

Црвен крст Охрид традиционално и оваа година го одбележа 5ти декември, Светскиот ден на волонтерството во знак на благодарност и признавање на сите наши волонтери за нивниот придонес, значење и улога во зајакнување на заедницата. Овој ден е посветен на промовирање на волонтерството, како и поттикнување на институциите и граѓаните да ги поддржат напорите на волонтерските организации.

- **Доделување на признанија по повод Светски ден на волонтерството**

Под мотото „Присутни секогаш во заедницата", оваа година ја истакнавме посветеноста на волонтерите од сите генерации – од најмладите до највозрасните – кои во духот на хуманоста несебично придонесуваат во реализирањето на бројни активности наменети за различни категории корисници на услугите на Црвен крст Охрид. Црвен крст Охрид секогаш е отворен за сите добронамерни луѓе кои сакаат да ја споделат својата емпатија, знаење, професионалност и дел од своето слободно време во помош на ранливите групи. На свечениот настан кој се одржа на 05.12.2026 година, во Оперативниот центар на Планинската спасителна

служба беа доделени 32 плакати и благодарници на лица, медиуми, компании и јавни институции кои имаат особен придонес во развојот и кои активно учествувале во работата на Црвен крст Охрид.

- **Доделување благодарници на волонтери од Клуб на млади по повод Светски ден на волонтерството**

На 03.12.2025 г., на последниот редовен состанок на Клубот на млади при Црвен крст Охрид, во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на волонтерството – 5 декември, беа доделени благодарници на волонтерите кои значајно придонеле во развојот на Клубот на млади во 2025 година. Овие благодарници се само мал знак на голема почит за трудот, времето и посветеноста што секој од нив ги вложува во заедницата. Со нив сакаме да ја истакнеме важноста на волонтерството и да ги мотивираме сите млади да се вклучат, да бидат активни и да придонесуваат кон позитивни промени. Нашата цел е да изградиме силна, хумана и обединета младинска заедница која ќе биде двигател на добро во Охрид – затоа продолжуваме да ги поддржуваме, охрабруваме и инспирираме сите сегашни и идни волонтери.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД-АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид кој веќе 15 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно признатата и познатата Бреинобреин програма и во 2025 година нанижа големи успеси.

- **Интернационален Бреинобреин натпревар**

На 26.02.2025 година во просториите на Црвен крст Охрид беа доделени наградите на охридските Бреинобреин генијалци од Центарот за развивање на животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид, кои учествуваа на овогодинешниот 13-ти по ред интернационален Бреинобреин натпревар кој на онлајн платформа се одржа на 25 јануари 2025 година. Во конкуренција од 23.128 илјади учесници од 78 земји, 19 ученици од Центарот за развивање животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид, кои учествуваа на овој натпревар, освоија 6 златни медали и 13 сребрени медали. Овој натпревар е уште еден голем меѓународен успех за охридските Бреинобреин генијалци, а овој успех се должи на посветеноста, вложениот труд и упорната работа на децата, на посветениот и професионален ангажман на тренерите и на поддршката од родителите. Честитки до сите ученици за постигнатиот успех. Благодарност до родителите за несебичната поддршка при реализација на нашите активности.

- **Државен Бреинобреин натпревар**

11 трофеи, 21 златен и 8 сребрени медали освоија нашите охридските бреинобреин генијалци на VIII-от Државен Бреинобреин натпревар. Од Центарот за развивање вештини БОБ при Црвен крст Охрид учествуваа 40 ученици кои ја посетуваат Бреинобреин програмата во 10 категории. Самиот натпревар е составен од два дела, три минутно решавање на тест согласно категоријата којашто ја посетуваат учениците и вториот дел од натпреварот се демо презентациите. Охридските мали генијалци редовно постигнуваат значајни резултати и се закитуваат со низа медали на натпреварите на кои учествуваат, а самата Бреинобреин програма им помага за развој на животни вештини при тоа здобивајќи се со вештини од типот на концентрација, меморија, нумерички и вербални вештини, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми.

- **Завршна свеченост БОБ**

На завршна свеченост која на 19 јуни 2025 се одржа пред „Ѕидот на хуманоста“ во седиштето на Црвен крст Охрид, на учениците кои ја следат Бреинобреин програмата во Центарот за развивање на животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид, им беа доделени интернационалните сертификати за успешно

завршено соодветно ниво од БОБ програмата. Настанот беше можност и за меѓусебно дружење, на децата, но и на родителите. Во оваа пригода, горди што секојдневно, армијата на бреинобреин генијалци се зголемува и се препознава по успесите кои ги нижат децата кои ја следеле и комплетно ја завршиле Бреинобреин програмата, Центарот за развивање животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид, ја испрати и 16-та генерација генијалци кои ја завршија комплетната, од десет нивоа, интернационална програма Бреинобреин. На сите наши ученици тимот на БОБ Црвен крст Охрид им упатува искрени честитки и им порачува да продолжат да чекорат по патот на успехот, зашто успехот ги следи најхрабрите.

- **14тиот Интернационален БОБ натпревар**

На 14 септември 2025 година во Клотен, Цирих (Швајцарија), се одржа 14-тиот Интернационален натпревар Brainobrain. Нашите претставници од Центарот за развивање животни вештини БОБ – Црвен крст Охрид, Теона Блажески и Иван Котевски, се натпреваруваа со над 400 деца од целиот свет и освоија две први места и се вратија дома со највисоки признанија-трофеи. Во оваа јубилејна година за Црвен крст Охрид, кога прославуваме 80 години од делувањето на нашата организација, 10 години од Меѓународниот аматерски театарски фестивал „Вдиши театар“, ќе се одбележи и 15-годишниот јубилеј од работата на Центарот за развивање животни вештини, Бреинобреин - Црвен крст Охрид. Токму пред 15 години во Црвен крст Охрид се одржа првиот час на Балканот и во Македонија, на интернационалната едукативна програма за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН. Со гордост ја истакнуваме 15 годишната успешна работа на Центарот за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН - Црвен крст Охрид, која се огледа пред се во посветеноста и професионалноста на нашите тренери, упорноста и успешноста на децата кои ја следеле БОБ програма, како и поддршката на родителите.

Изразуваме голема благодарност до сите оние кои ја укажале довербата на нашиот центар и БРЕИНОБРЕИН програмата и придонесле, за овие изминати 15 години, преку 600 деца да бидат дел од Центарот за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН - Црвен крст Охрид и ја следат програмата, 80 деца да ја комплетираат целата БОБ програма, односно успешно да ги завршат сите десет нивоа од оваа програма и како лидери во својата средина трасираат нови патишта за развивање на едно похумано и пеофикасно општествено живеење и делување.

Нашето 15 годишно искуство, резултатите од имплементација на Бреинобреин програмата и етаблираноста на нашиот центар во светски рамки, ни дава за право со гордост да продолжиме да ги промовираме уникатните, проверени и ефикасни техники и вештини кои ги дава Бреинобреин програмата, имплементирани од високо професионални тренери со искуство во работа со деца и обучени според меѓународните стандарди на оваа програма, кои преку техниките Абакус Ментална Аритметика (АМА) и Неуро Лингвистичко Програмирање (НЛП) помагаат децата на возраст од 4-14 години да достигнат развој и целосно искористување на мозочниот потенцијал и да бидат спсобни да ги користат двете хемисфери на мозокот, подеднакво и ефикасно. Преку БРЕИНОБРЕИН програмата децата ги стекнуваат, развиваат и потврдуваат своите способности концентрација, меморија, нумерички и вербални вештини, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми.

- **Интернационален БОБ натпревар**

На еден од најголемите интернационални Бреинобреин натпревари, на светскиот БОБ натпревар, кој на 22 ноември 2025 година се одржа во Дубаи, Обединети Арапски Емирати, учествуваа и деца кои ја следат Бреинобреин програмата во БОБ центрите во Македонија и тоа 3 деца од Тетово, 2 деца од Скопје и 6 деца од Охрид од Центарот Бреинобреин од Црвен крст Охрид. Во силна конкуренција од преку 1800 учесници од 16 земји, кои се натпреваруваа во стекнатите знаења, вештини и мултитаскинг техниките од Бреинобреин програмата, претставниците од Македонија освоија 6 највисоки награди-трофеи и 5 златни медали. Нашите, охридски Бреинобреин генијалци се закитија со 2 трофеи и 4 златни медали. Големата желба, страста за нови знаења, посветеноста на Бреинобреин програмата од страна на децата, поддршката

од родителите, професионалноста на врвните Бреинобреин тренери-едукатори, нивниот труд, енергија и посветеност го обликуваат успехот и победата на секое дете

- **15 години Бреинобреин-Црвен крст Охрид**

Црвен крст Охрид започна со реализација на настани за одбележувањето на уште еден јубилеј 15 години од работа на Бреинобреин - Црвен крст Охрид Центарот за развивање на животни вештини, во која се имплементира Интернационалната Бреинобреин програма. На 10.09.2025 година, во прекрасен амбиент на охридското крајбрежје, со едукативни игри, многу забава и дружење, бројни креативни содржини подготвени од аниматорот Анета-кловнета, децата кои ја следат Бреинобреин програмата во Центарот за развивање животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид со голема возбуда и радост, го прославија 15 годишниот роденден на центарот БОБ - Црвен крст Охрид. Колоритот на овој настан го збогатија и родителите кои се најголемата поддршка на децата и признание за нашиот центар, а секако и тренерите на БОБ програмата кои со својата висока професионалност и искрена посветеност придонесуваат за успехот на децата и профилирање на БОБ - Црвен крст Охрид центарот како еден од најдобрите во светски рамки. Изразуваме голема благодарност до сите оние кои ни ја укажале довербата и овозможиле, во овие 15 години работа на Центарот за развивање животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид, преку 100 деца да ги завршат сите десет нивоа од оваа програма и кои како лидери во својата средина трасираат нови патишта за развивање на едно похумано и поефикасно општествено живеење и делување. Благодарност и до нашите поддржувачи кои ја помогнаа реализацијата на овој настан аниматорот Анета-кловнета, плажа La Fiesta и Астрадизајн.

- **15 Години - Центар за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид**

На ден 02.10.2010, пред 15 години во Црвен крст Охрид се одржа првиот час на Балканот и во Македонија, на интернационалната едукативна програма за развој на животни вештини Бреинобреин. Со гордост ја истакнуваме 15 годишната успешна работа на Центарот за развој на животни вештини Бреинобреин -Црвен крст Охрид, која се огледа пред се во постигнувањата на децата кои ја следат програмата и бројните освоени награди и признанија на државни меѓународни Бреинобреин натпревари, посветеноста и професионалноста на нашите тренери, како и поддршката од родителите. Изразуваме голема благодарност до сите оние кои ја укажале довербата на нашиот центар и Бреинобреин програмата и придонесле, за овие изминати 15 години, преку 600 деца да бидат дел од Центарот за развој на животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид и ја следат програмата, а повеќе од 80 деца да ја комплетираат целата БОБ програма, односно успешно да ги завршат сите десет нивоа од оваа програма и како лидери во својата средина трасираат нови патишта за развивање на едно похумано и пеофикасно општествено живеење и делување. Нашето 15 годишно искуство, резултатите од имплементација на Бреинобреин програмата и етаблираноста на нашиот центар во светски рамки, ни дава за право гордо да продолжиме да ги промовираме уникатните, проверени и ефикасни техники и вештини кои ги дава Бреинобреин програмата, имплементирани од високо професионални тренери со искуство во работа со деца и обучени според меѓународните стандарди на оваа програма, кои преку техниките Абакус Ментална Аритметика (АМА) и Неуро Лингвистичко Програмирање (НЛП) помагаат децата на возраст од 4-14 години да достигнат развој и целосно искористување на мозочниот потенцијал и да бидат способни да ги користат двете хемисфери на мозокот, подеднакво и ефикасно. Преку БОБ програмата децата ги стекнуваат, развиваат и потврдуваат своите способности: концентрација, меморија, нумерички и вербални вештини, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми.

На настанот по повод 15-годишниот јубилеј на Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид, кој се одржа на 18 септември 2025 г., во х. Амбасадор, Охрид, бројните присутни родители, деца кои ја завршиле програмата, тренери и франшизери на програмата, преку видео проекција се потсетија на почетоците од работата на центарот и првите одржани часови на Бреинобреин програмата

во Црвен крст Охрид, учеството и успесите на бројните национални и меѓународни Бреинобреин натпревари, како и работата и растежот на БОБ-Црвен крст Охрид до денес. На свеченоста беа доделени соодветни признанија на основачите на програмата Арул и Ананд Субраманиам од Индија, на првиот европски франшизер на оваа програма Клаудија Ехмер Воргиќ, на франшизерот за Бреинобреин Македонија Драгана Гвозденовиќ, како и на најзаслужните за воведување и имплементација на Бреинобреин програмата во Охрид и Македонија: Царева Алческа Рувинова, Сашо Точков и тренерите Марија Дамјаноска, Ајсел Доко, Гордана Алчева, Валентина Кузманоска, Христина Кузманоска, Билјана Николоска и Ангела Кузманоска.
Прекрасната атмосфера ја надополна и збогатија музичките изведби од Давид (ученик кој ја заврши комплетната БОБ програма) и неговиот татко Мето-Флеш.Центарот за развој на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид продолжува со своите активности и со новите групи на ученици кои започнаа со следење на есенскиот циклус од БОБ програмата.

**ПОЛЕТАРЧЕ**

Црвен крст Охрид и оваа година продолжи со Програма за подготовка на деца за во училиште. Програмата е наменета за деца од 5 и 6 годишна возраст кои сè уште не тргнале на училиште, без разлика дали посетуваат или посетувале претшколска установа (градинка). Целта на програмата е да се поттикне радост кон учењето и стекнување на нови знаења. Детето со радост да го очекува поаѓањето во училиште, во прво одделение, бидејќи успехот на училиште не зависи само од тоа колку знаење детето ќе донесе со себе, туку и од тоа колку ќе сака да стекне нови знаења.

- **Завршен пролетен циклус од „Полетарче“**

Во дружење, игра, забава и спорт, децата што ја следат програмата во едукативниот центар на Црвен крст Охрид, „Полетарче“, го одржаа последниот час од пролетниот циклус на Програмата за подготовка на деца за во училиште, во Оперативниот центар на Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид, каде љубопитството за работата на спасителите на планина им беше задоволено со видео презентации од спасителните акции презентација на опремата за спасување и елементарни техники за искачување на вештачката карпа. Дечињата не го криеја своето задоволство и по добивањето на соодветните сертификати за завршената Програма за подготовка на деца за во училиште, од страна на своите тренери, изразувајќи ја својата мотивација и подготвеност за соочување со новите предизвици кои ги носат образовните едукативни програми во наредниот период.

- **Завршен есенски циклус Полетарче**

Во новогодишен амбиент, во дружење, игра и забава, најмладите членови на Црвен крст Охрид, децата кои ја посетуваат едукативната програма за подготовка на деца за во училиште „Полетарче“, во присуство на своите родители, го одржаа последниот час од есенскиот циклус на оваа програма во просториите на Црвен крст Охрид. За својот труд и стекнати знаења и вештини во овој тримесечен есенски циклус на програмата „Полетарче“, дечињата од своите тренери добија соодветни сертификати и новогодишни подароци. Тие не ја криеја својата мотивација и подготвеност за соочување со новите предизвици кои ги носи оваа едукативна програма во наредната 2026 година.
Едукативната Програма за подготовка на деца за во училиште во Едукативнот центар на Црвен крст Охрид „Полетарче“ веќе четврта година се спроведува во Црвен крст Охрид, а ја следат деца од 3-5 годишна возраст кои имаат единствена можност, преку игра, забава и дружење да ја развиваат и јакнат самодовербата, да применуваат креативни вежби за размислување, вежби на графомоторика, вежби на фина моторика, јазична и математичка писменост, вежби за осознавање и разбирање на просторните и временските односи, вежби за говорот, социо-емоционални вежби, вежби за насочување и одржување на

вниманието и друго. Упатуваме честитки до родителите за успешно завршената програма од страна на нивните деца и изразуваме голема благодарност за укажаната доверба и поддршка.

**ЖЕНСКИ ХОР Acordis**

Формиран во 2019 година на иницијатива на група долгогодишни хористки, женскиот хор „Acordis", што дејствува при Црвен крст Охрид, брои 15 членови кои ги поврзува љубовта кон музиката и хорското пеење. „Acordis" е спој на музиката и седумте принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина (хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволна служба, единство и универзалност). Во превод, името на хорот значи акорди од срце, од душа. Со хорот раководи диригент Биљана Николоска, магистер по хармонија.

Во репертоарот на хорот има народни, црковни, класични и популарни композиции, односно песни за широка публика, за сечиј вкус. Секој настап на овој хор е прекрасна можност љубителите на хорската музика и, општо, на музичката уметност, да уживаат во талентираните гласови и во избраните песни на „Acordis".

Програмските активности на „Acordis" предвидени за 2025 година претставуваа израз на заедничката заложба на хористките за континуиран развој на хорот и промоција на хорската традиција во Охрид. Во текот на годината, хорот одржуваше редовни проби, два пати неделно, во просториите на Црвен крст Охрид. На пробите, хористките континуирано работеа на усовршување на своите вокални техники и на унапредување на хорската координација и динамика. Исто така, значителен дел од работата на „ACordis" во 2025 година беше посветен на збогатување на репертоарот на хорот, и тоа со класични, традиционални и популарни композиции.

Во 2025 година, хорот „ACordis" ги одржа следниве настапи:

- На 1 мај, хорот настапи на 8-та Меѓународна конференција на најдобри наставници од регионот, заедно со Андријана Јаневска.
- На 20 мај, хорот настапи на одбележувањето на јубилејот 150 години од раѓањето на Методи Патче.
- На 27 мај, хорот настапи на свеченоста по повод 55 години од творештвото на Јордан Манасијевски.
- На 29 јули, хорот настапи на културно-забавната манифестација „Трпејца на зајдисонце".
- На 2 октомври, хорот настапи на Симпозиумот на лаборанти и техничари.
- На 26 декември, хорот одржа новогодишен концерт во просториите на Црвен крст Охрид.

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА МЛАДИНСКО ЛИДЕРСТВО „МЛАДИ ЛИДЕРИ СОЗДАВААТ ИДНИНА"**

Во 2025 година, Црвен крст Охрид, по подолга пауза, повторно ја организираше програмата за развој на младинско лидерство „Млади лидери создаваат иднина". Оваа програма е резултат на соработката меѓу Црвен крст Охрид и Мировниот корпус. Програмата е наменета за ученици од деветто одделение до трета година средно образование. Црвен крст Охрид ја реализира програмата „Млади лидери создаваат иднина" со цел да им овозможи на младите учесници да ги зајакнат своите лидерски вештини и да прераснат во граѓански лидери, како и да стекнат вештини што ќе им помогнат да се стремат кон компетитивни работни кариери. Програмата „Млади лидери создаваат иднина" е со времетраење од 14 седмици и опфаќа 13 работилници за градење лидерски, животни и вештини за вработливост, како и Панел за кариера во текот на кој панелистите, успешни наши сограѓани зборуваат за својот кариерен пат.

Во 2025 година, програмата „Млади лидери создаваат иднина" се спроведе во првото полугодие од учебната година. Десет млади луѓе успешно ја завршија програмата.

**НЕГА ЦЕНТАР ОХРИД**

Со добивање на лиценца за провајдер на социјални услуги, во рамките на Црвен крст Охрид официјално со работа започна Нега Центар кој нуди социјални услуги: помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот и лична асистенција на лица со попреченост.

Нега центарот нуди:

- Црвен крст Охрид е лиценциран провајдер на услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот на територија на Општина Охрид
- Со услугата помош и нега се нуди можност на нашите постари граѓани да живеат независно онаму каде што се чувствуваат најудобно – во своите домови
- Со услугата лична асистенција Црвен крст Охрид обезбедува индивидуална помош и поддршка за лица со намален функционален капацитет со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата и вршење на секојдневни активности.
- Нега центарот располага со професионални и сертифицирани негуватели и лични асистенти, кои обезбедуваат домашна помош и нега за постари лица, лица со попреченост, како и за сите граѓани кои имаат потреба од ваков вид поддршка.

Основната цел на Нега центар – Охрид е да го подобри и одржува здравјето на корисникот во неговото семејно опкружување.

Во текот на 2025 година, услугата помош и нега во домот ја обезбедуваа 7 негуватели за вкупно 10 корисници – стари лица, додека услугата лична асистенција ја обезбедуваа 13 лични асистенти за 21 корисник – лица со попреченост.

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Во рамки на своите програми за промоција и негување на хуманите вредности, поттикнување и развивање на креативноста кај младите, Црвен крст Охрид го организираше деветтото издание на Меѓународниот Аматерски Младински Театарски Фестивал со наслов „Вдиши Театар“. Во тридневната програма, својот актерски талент, умешност и креативност, низ 4 театарски претстави го прикажаа повеќе од 30 талентирани млади актери-аматери од организациите на Црвен крст Охрид и од Црвен крст Суботица и Крагуевац, Србија и Црвен крст Бар, Црна гора.

- **Јубилеј 10 години Вдиши театар**

„До кога вака?!...До кога вака?!“ одекнуваше на летната сцена во предворјето на црквата Св.Софија, од гласовите на младите актери од организациите на Црвен крст Охрид, Суботица, Крагуевац, Ужице и Бар кои во рамки на одбележувањето на јубилејот 10 години од реализацијата на Вдиши театар - Меѓународниот Аматерски Театарски Фестивал, на 14.06.2025 година заеднички ја изведоа интернационалната театарска претстава со наслов „Балкандром“. На многу сликовит и креативен начин, млади талентирани волонтери-актери вешто го пренесоа дејствието на театарската претстава кое се одвиваше во измислениот град Балканград, на аеродромот Балкандром, прикажувајќи ја болната и мачна реалност од секојдневието на жителите во балканските земји-уништени вредности, загубени перспективи, иселување и внатрешна борба помеѓу останувањето и заминувањето од сопствената земја. Иако на различни јазици, болните, искрени лични приказни и искуства на актерите со обезбедени еднонасочни билети за европските држави, искажани во чекалната на Балкандром, ги поврзуваше истата вистина за неправдата, очајот и огорченоста што владее на овие простори и потрагата по подобар живот, постојано прашувајќи се „До кога вака?“.

Десет докажани и посветени волонтери од организациите на Црвен крст Охрид, Суботица, Ужице, Крагуевац и Бар, под водство на нашите Весна Терзиоска, Јованка Сион-Доленц, Емилија Блажеска и Даниел Наумоски го креираа текстот, сценариото и режијата, музиката, костимографијата и сценографијата и ги координираа подготовките на 24 млади актери - волонтери на Црвен крст од трите држави, за на крај да финализира со беспрекорна изведба на оваа интернационална театарска претстава на овогодинешното јубилејно издание на Вдиши театар во Охрид.

Во текот на изминатата деценија, на Меѓународниот Аматерски Театарски Фестивал „Вдиши театар“ преку нашата сцена продефилираа повеќе од 100 охридски младинци-волонтери-актери на Црвен крст, а заедно со нив и тројно повеќе учесници од нашите пријателски организации од Суботица,

Крагуевац, Ужице, Бар и Требиње, заедно создавајќи простор за дијалог, толеранција и разбирање, дружење и љубов, верба и надеж.

Во рамки на јубилејот 10 години „Вдиши театар“, на сите нив им беа доделени признанија-статуетки „Вдиши театар“ во знак на сеќавање и благодарност за нивниот придонес во подигање на нивото на театарската култура во регионот. Посебно признание Црвен крст Охрид додели на Јованка Сион Доленц за нејзината посветеност и ангажман во реализацијата на Меѓународниот Аматерски Театарски Фестивал „Вдиши театар“. Благодарници добија и општина Охрид, Дебарско Кичевската епархија, Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца, како и организациите на Црвен крст Битола, Црвен крст Кичево, Црвен крст Крива Паланка, на Мега продукција, ОСУ Св.Климент Охридски-Гимназија Охрид, ОЕМУЦ Св.Наум Охридски Охрид, ансамбал Билјана, Културно-уметничкото друштво „Ѓердан од бисери“, за помош и поддршка во реализација на фестивалот.

Интернационалната театарска претстава „Балкандром“ во текот на наредниот период ќе биде изведена и пред публиката во Суботица, Крагуевац, Ужице и Бар.

Радосни сме што можеме да констатираме дека Младинскиот аматерски театарски фестивал „Вдиши театар“ во своето 10 годишно прикажување ги исполна очекувањата на организаторот Црвен крст Охрид, а ценејќи според интересот, посетеноста и позитивните реакции и коментари на публиката, овој фестивал го најде и оправда своето место во охридскиот културен простор. Кога на тоа ќе се додаде и можноста која младите целосно ја искористија, да креираат театарската игра и да ја афирмираат својата талентираност и сплотеност без јазични, или било какви други бариери, силните хумани пораки кои ги упатија преку театарските претстави, контактите и врските воспоставени со меѓусебното дружењето во деновите на фестивалот, со право „Вдиши театар“ претставува препознатлив производ и во земјата и во странство, со кој Црвен крст Охрид се гордее. Изразуваме искрена благодарност до учесниците на фестивалот, до публиката, до волонтерите и вработените во Црвен крст Охрид, до медиумите, до општина Охрид и до сите институции, фирми и поединци кои го овозможија, поддржаа и помогнаа одржувањето на театарскиот фестивал „Вдиши театар“.

**Проект „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“**

Имплементацијата на тригодишниот проект „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ беше успешно завршена во месец септември 2025 година. Проектот беше поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT). Црвен крст Охрид го реализираше овој проект во партнерство со Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ – Скопје и во соработка со Јавната установа Национален парк Галичица.

Проектот се спроведуваше со цел да се оствари придонес кон јакнењето на капацитетите на Националниот парк Галичица и кон подигнување на свеста на локалното население за адаптација кон климатските промени и за заштита на загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми. За да се оствари целта на проектот, се реализираа низа активности, и тоа: научно-истражувачки активности за влијанието на климатските промени врз пештерските екосистеми и врз загрозените видови во Паркот; едукативни активности чијашто цел беше да се зајакне свеста на населението за влијанието на климатските промени врз загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми, како и за адаптација кон овие промени; активности за јакнење на локалните капацитети за справување со шумските пожари како негативен ефект на климатските промени.

Во 2025 година, во рамките на проектот беа имплементирани следниве активности:

- Уредени и опремени беа 3 едукативни катчиња, и тоа: првото во објектот на Јавната установа Национален парк Галичица во Охрид, второто во објектот на Установата во Стење и третото во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во Велестово.

- Заокружена беше реализацијата на 51 работилница со ученици во основни училишта од Охрид, Дебрца и Ресен. Овие работилници беа на теми поврзани со биолошката разновидност, пештерските екосистеми и влијанието на климатските промени во Националниот парк Галичица. Над 800 ученици зедоа учество во работилниците.
- Спроведени беа 2 обуки поврзани со шумски пожари – првата на тема „Превенција и справување со шумски пожари“ и втората на тема „Прва помош и спасување на планина во случај на шумски пожар“. Дваесет лица зедоа учество во овие обуки.
- Набавена беше индивидуална опрема за справување со шумски пожари, и тоа: 20 заштитни шлемови и 20 заштитни визири компатибилни со шлемовите, 20 работни одела, 20 противпожарни гребла и 20 лични комплети за прва помош. Десет сетови од набавената опрема ѝ беа предадени на Јавната установа Национален парк Гачилица. Покрај тоа, набавен беше и дрон што ќе се користи за детекција на шумски пожари и за справување со нив.
- Магацинската просторија на Црвен крст Охрид беше адаптирана и уредена за чување опрема за справување со шумски пожари.
- Изработен беше план за справување со шумски пожари во Националниот парк Галичица. Планот содржи мерки за: управување со ризикот од шумски пожари, за одговор на шумски пожари и за управување со опожарени подрачја.
- Одржана беше показна вежба за првичен одговор на шумски пожар во Националниот парк Галичица. Вежбата се изведе во село Велестово, во опкружувањето на Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид. Учество во вежбата зедоа екипи на Јавната установа Национален парк Галичица, на Здружението на љубители и поддржувачи на Националниот парк Галичица и на Црвен крст Охрид (вкупно 23 лица).
- Се спроведуваше редовен мониторинг на пештерите Самотска Дупка и Лескоечка (мониторингот беше воспоставен на почетокот на проектот).
- Изработени беа 24 поилки за елени и ѝ беа предадени на Јавната установа Национален парк Галичица.
- Локвата Мечкина во Националниот парк Галичица беше исчистена од кал и отпад.
- Одржана беше завршна работилница на којашто беа претставени резултатите од проектот.

**Проект „Заштита на пештерските екосистеми од влијанијата на климатските промени и воспоставување одржлив систем за одговор на катастрофи во Националниот парк Галичица“**

Во септември 2025 година започна реализацијата на проектот „Заштита на пештерските екосистеми од влијанијата на климатските промени и воспоставување одржлив систем за одговор на катастрофи во Националниот парк Галичица“. Овој проект се темели на резултатите од проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ (имплементиран од 2022 до 2025 година и поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust) и неговата реализација ќе претставува надградба на тие резултати. Проектот „Заштита на пештерските екосистеми од влијанијата на климатските промени и воспоставување одржлив систем за одговор на катастрофи во Националниот парк Галичица“ е поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT). Црвен крст Охрид го спроведува овој проект во партнерство со Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ – Скопје и во соработка со Јавната установа Национален парк Галичица. Имплементацијата на проектот ќе трае до септември 2028 година.

Главната цел на проектот е да придонесе кон заштитата на пештерските екосистеми во Националниот парк Галичица од влијанијата на климатските промени, како и кон воспоставување одржлив систем за одговор на катастрофи во Паркот. За да се постигне главната цел на проектот, дефинирани се пет специфични цели насочени кон збогатување на научното знаење за пештерските екосистеми во Паркот, кон унапредување на промоцијата и на заштитата на природните вредности во Паркот и кон јакнење на капацитетите за одговор на шумски пожари во Паркот.

Првата специфична цел е спроведување на четирисезонско научно истражување на пештерите Бимбилова, Крстова и Лескоечка. Воспоставувањето редовен мониторинг ќе овозможи анализа на пештерските екосистеми и на влијанијата на надворешни фактори врз тие екосистеми. За успешно да се спроведат научните испитувања, набавена ќе биде соодветна опрема. Наодите од испитувањата ќе бидат пренесени во научни трудови. Понатаму, како придонес кон заштитата на пештерите во Паркот, ќе се постават заштитни врати во пештерите Самотска Дупка, Наумова и Крстова. Овие врати ќе бидат изработени согласно стандардите на EUROBATS. Дополнително, ќе се организира работилница за заштитата на геолошкото наследство во Националниот парк Галичица. Исто така, ќе се организира едукативна посета на пештерата Самотска Дупка за теоретското знаење на учесниците на споменатата работилница да се надополни со практично искуство.

Во фокусот на втората специфична цел е туристичката промоција на пештерите во Националниот парк Галичица како значајни природни вредности. Во таа насока, од пештерите Самотска Дупка и Наумова ќе се отстрани отпадот акумулиран во нивната внатрешност. Дополнително, продуцирано ќе биде промотивно тридимензионално видео од внатрешноста на пештерата Самотска Дупка и, исто така, ќе се изработи и ќе се постави информативна табла за оваа пештера.

Третата специфична цел е да се воспостави систем за брз одговор на шумски пожари во Националниот парк Галичица. Остварувањето на оваа цел ќе ја зајакне подготвеноста на локални субјекти за одговор на катастрофи во Паркот со акцент на шумските пожари. Во оваа насока, планирано е воспоставување на систем за гаснење пожари на Стара Галичица и воспоставување на систем за комуникација и координација при одговор на пожари. Дополнително, предвидена е набавка на лична заштитна опрема за тим составен од вработени во Јавната установа Национален парк Галичица, членови на Црвен крст Охрид и членови на локалната заедница. Исто така, три лица ќе бидат обучени за управување со дрон со цел да ги поддржуваат напорите за рано предупредување и за рапиден одговор. Покрај тоа, за натамошно јакнење на напорите за брз одговор, набавен ќе биде вилушкар што ќе се користи во магацинската просторија на Црвен крст Охрид каде што се чуваат артикли за логистичка поддршка и опрема. Уште повеќе, ангажирана ќе биде екипа што ќе врши мониторинг во Паркот за време на топлотни бранови со што ќе им асистира на ренџерите на Паркот во напорите за превенција од шумски пожари и за рано предупредување.

Четвртата специфична цел е подигнување на јавната свест за потребата од заштита на природните вредности во Националниот парк Галичица од шумски пожари. Така, изработен ќе биде едукативен прирачник за заштита од шумски пожари. Потоа ќе се организира работилница за примена на тој прирачник во којашто учество ќе земат наставници во основни училишта и членови на невладини организации. Понатаму, учесниците во работилницата ќе бидат ангжирани да го пренесат новото знаење на ученици во основни училишта. Дополнително, за да се придонесе кон унапредувањето на еколошкото образование во охридско-преспанскиот регион, проектот предвидува и набавка на едукативни материјали и опрема наменети за основни училишта од Охрид, Дебрца и Ресен. Набавени ќе бидат артикли согласно специфичните потреби на училиштата и ќе служат за подобрување на нивните активности за едукација за животната средина.

Петтата специфична цел е ефективно управување со проектот.

**Проект „Волонтери во акција за безбедност на луѓето и заштита на природата“ поддржан од Европската унија преку ИПА 3 програмата за прекугранична МК-АЛ**

На ден 01.12.2025, на пригодна свеченост во просториите на Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид, беше означен почетокот на реализацијата на проектот што е одобрен во рамките на првиот повик од ИПА III Програмата за меѓугранична соработка со Република Албанија, и тоа: „Волонтери во акција за безбедност на луѓето и заштита на природата“. На свеченоста, свои обраќања имаа Сашо Точков, претседател на Општинска организација Охрид, Златко Перински, министер за локална самоуправа, Михалис Рокас, амбасадор на Европската Унија во Северна Македонија, Еридана Чано, генерален директор на Државната агенција за стратешко програмирање и координација на помош во Република Албанија, Кирил Пецаков, градоначалник на Општина Охрид и Нико Чонески, градоначалник

на Општина Крушево. Исто така, потпишани беа договорите за национално кофинансирање меѓу Министерството за локална самоуправа и носителите на проектите, како и Договорот за партнерство за техничката помош на Програмата за прекугранична соработка со Албанија.

Црвен крст Охрид е носител на проектот „Волонтери во акција за безбедност на луѓето и заштита на природата" и ќе го спроведува во партнерство со Националниот сојуз за планинско спасување, Јавната установа Национален парк Галичица, Општина Пеќин од Албанија и Албанската федерација за планинарство и планински туризам. Во рамките на овој проект предвидени се низа активности што ќе придонесат кон јакнење на спасувачките капацитети, безбедноста и заштитата на животната средина во Северна Македонија и Албанија. Времетраењето на проектот е 30 месеци.

На 17.12.2025 година во просториите на Општина Пеќин беше потпишан Партнерскиот договор. Во текот на месец декември започнаа подготовките за набавка на предвидената опрема, а проектот беше регистриран во Централната база на податоци за странска помош на Министерството за европски прашања и во Управата за јавни приходи (со цел ослободување од плаќање ДДВ).

**Проект „Денови на солидарност 2025" поддржан од Општина Охрид**

Црвен крст Охрид го реализираше проектот „Денови на солидарност 2025" во рамките на својата социјално-хуманитарна дејност. Овој проект беше поддржан од Општина Охрид. Целта на проектот „Денови на солидарност" беше во 2025 година Црвен крст Охрид да им пружи помош на повеќе лица во социјален ризик, да го ублажи страдањето на повеќе луѓе кои живеат под прагот на сиромаштија, како и да придонесе кон поттикнување на солидарноста во локалната заедница. Целната група на проектот „Денови на солидарност 2025" беа социјално загрозени домаќинства, едночлени и повеќечлени, од градската и од руралните средини во Општина Охрид.

Така, во рамките на овој проект се реализираа следниве активности:

- Набавени беа прехранбени продукти и средства за хигиена со коишто се подготвија 70 хуманитарни пакети. Пакетите беа дистрибуирани до едночлени и повеќечлени домаќинства во социјален ризик. Дистрибуцијата на овие хуманитарни пакети се одвиваше во рамките на одбележувањето на Неделата на солидарност што се одбележува секоја година, од 12 до 18 април, а со цел обезбедување помош за ранливи групи граѓани и промовирање солидарност и меѓусебно помагање. Реализацијата на оваа проектна активност придонесе кон одбележувањето на Неделата на солидарност во 2025 година, односно кон постигнувањето на целите на одбележувањето на таа недела – пружање помош на оние на коишто им е најпотребна и поттикнување на солидарност и меѓусебно укажување помош во заедницата.
- Обезбедена беше помош во школски прибор наменет за деца од домаќинства во социјален ризик. Набавени беа 23 комплети прибор што содржеа повеќе артикли: тетратки, блокови за цртање, моливи, пенкала, дрвени боици, фломастери, линиари, темперни бои, водени бои, четки за сликање, колаж-хартија, шестари и друг прибор. Приборот беше дистрибуиран до корисниците на почетокот на учебната 2025/2026. Реализацијата на оваа активност придонесе кон ублажување на материјалните тешкотии на социјално загрозени семејства со деца, со коишто тешкотии овие домаќинства се соочуваат на почетокот на учебната година.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА

Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2025 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Соработка со волонтер од Мировен корпус - Волонтерот од Мировен корпус во текот на 2025 година одржуваше часови по разговорен англиски јазик, наменети за постарите волонтери од групата за грижа за стари лица „Најди време". Во рамки на соработката со КПУ Затвор Охрид се реализираше и курс по англиски јазик наменет за младите лица сместени во установата, како и неколку креативни работилници.

- 10 годишен јубилеј на меѓународната програма „Силна алка" - Во периодот од 23 до 27 април 2025 година беше реализирано патување во Италија, по повод одбележување на десетгодишниот јубилеј на меѓународната програма „Силна алка". Во рамките на оваа посета, учесниците имаа можност да го посетат Меморијалниот музеј на Црвениот крст во градот Солферино, како и градот Кастиљоне – местото кое претставува почетна точка на хуманитарната визија и каде се родила идејата за формирање на Движењето на Црвениот крст. На ова патување учествуваа претставници од Црвен крст Охрид, како и од партнерските организации од Србија (Црвен крст Ужице, Црвен крст Крагуевац, Црвен крст Суботица) и од Црна гора (Црвен крст Бар). Посетата на Солферино понуди можност за сите присутни директно да се запознаат со историјата на движењето, инспирацијата на Анри Динан и страдањата на војниците по битката кај Солферино во 1859 година. Во градот Кастиљоне, беа посетени објектите каде Динан, заедно со локалното население, ја започнал првата организирана хуманитарна помош со пружење на прва помош на сите војници по крвавата битка кај Солферино. Покрај историските дестинации, делегацијата ги посети и Градската организација на Црвен крст Загреб (Хрватска) и Општинската организација на Црвен крст Марибор (Словенија). За време на посетите се одржаа состаноци со одговорни лица и волонтери, каде сите присутни беа запознаени со нивните актуелни активности, начинот на работа, човечките и техничките капацитети. Состаноците во Загреб и Марибор беа особено продуктивни и се изрази заемна подготвеност за заедничката соработка. Двете организации покажаа интерес за приклучување кон меѓународната програма „Силна алка", со што дополнително ќе се зацврсти регионалната хуманитарна поврзаност и размена на добри практики. Ова патување претставуваше значајна можност за потсетување на историските корени на движењето на Црвениот крст, како и за унапредување на партнерствата помеѓу организациите од регионот. Одбележувањето на 10-годишнината на „Силна алка" во ваков контекст претставува поттик за понатамошна посветена работа и развој на солидарноста како една од основните вредности на нашата заедничка мисија.

- Регионален состанок на балканските служби за планинско спасување - Од 11 до 13 април 2025 година, во Крањска Гора, Словенија, се одржа Регионален состанок на балканските служби за планинско спасување, на кој учествуваше и Планинската Спасителна Служба при Црвен Крст Охрид. Домаќин на овој значаен настан беше Gorska Reševalna Zveza Slovenije, а на средбата учествуваа делегации од Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Словенечките колеги ги презентираа своите искуства и придобивките од соработката со армиските и полициските воздухопловни сили. Овој модел е одличен пример за интеграција помеѓу државните институции и волонтерските служби – концепт кој резултира со зголемена ефикасност и безбедност при изведување на спасувачки операции на тешко пристапен планински терен. Покрај веќе воспоставениот и функционален систем за хеликоптерско спасување, беше претставен и најновиот пристап во техничко спасување. Круна на состанокот беше потпишувањето на Регионален договор за соработка, кој ќе претставува основа за цврста и долгорочна координација помеѓу службите од

регионот. Договорот има за цел да обезбеди структурирана и континуирана соработка, за поефикасно справување со предизвиците во областа на планинското спасување.

- Реализација на заедничка активност со делегација на Црвен крст Суботица, Црвен крст Бар, Црвен крст Крагуевац и Црвен крст Ужице за Аматерски театарски фестивал „Вдиши Театар“ на 14.06.2025 година.

- Средба со амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија, г-дин Михалис Рокас - На 10.07.2025, на иницијатива на претседателот на НСПС, Антонио Додевски, во оперативниот и тренинг центар на Планинската спасителна служба се одржа средба со амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија, г-дин Михалис Рокас. Амбасадорот Рокас имаше можност одблиску да се запознае со инфраструктурата, опремата и човечките ресурси со кои располага ПСС. На средбата беа презентирани тековните и идните проекти на НСПС, насочени кон унапредување на планинското спасување на национално ниво, како и стратегијата за изградба на функционален и одржлив систем за координирано дејствување низ целата територија на државата. Претседателот Додевски го информираше амбасадорот за организациската структура на НСПС, за мрежата од локални спасителни тимови кои функционираат на волонтерска основа, како и за предизвиците со кои се соочуваат, особено во делот на системско препознавање и интегрирање на волонтерските организации во државниот систем за цивилна заштита. На средбата присуствуваа и претседателот на Црвен крст Охрид, г-дин Сашо Точков, и секретарот, г-ѓа Мимоза Ставрева, долгогодишни поддржувачи на ПСС, која повеќе од две децении делува во рамки на општинската организација како столб на безбедноста во охридскиот регион. Амбасадорот Рокас ја изрази својата поддршка и воодушевување од капацитетите на ПСС Охрид, истакнувајќи дека вакви успешни модели на самоорганизирани и стручно обучени тимови претставуваат вистински пример за тоа како може да се изгради силен, функционален и европски ориентиран систем на заштита и спасување. Тој ја изрази и својата лична подготвеност да го поддржи процесот на институционално интегрирање на НСПС во државните структури.

- Билатерална инструкторска средба помеѓу инструкторите на НСПС (Националниот сојуз за планинско спасување) и претставници од инструкторскиот тим на Gorska Reševalna Zveza Slovenije - Во периодот од 25 до 28 септември 2025 година, Планинската спасителна служба имаше чест да бидат домаќини на билатерална инструкторска средба помеѓу инструкторите на НСПС (Националниот сојуз за планинско спасување) и претставници од инструкторскиот тим на Gorska Reševalna Zveza Slovenije. Целта на средбата беше меѓусебно зближување и размена на искуства за обука на спасувачи во двете земји. Посебно внимание беше посветено на новата типизирана техника за техничко спасување, која од февруари оваа година официјално се применува во Словенија. Овој „револуционерен“ пристап значително ги поедноставува процедурите при интервенции на комплексен терен, со што се намалува потребната опрема, а истовремено се зголемува ефикасноста и безбедноста на спасувачите, целосно во согласност со препораките на ИКАР. Средбата се искористи и за зближување преку заеднички теренски активности: работни сесии, качување на карпите во локалитетот за алпинизам на Галичица и добро познатата Виа ферата „Доброја”.

- Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Црвен крст Охрид и Црвен крст Моор ог Ромсдал (Møre og Romsdal Røde Kors), Норвешка - Во периодот од 19 до 22 септември 2025 година, Црвен крст Охрид беше домаќин на осум претставници од Црвен крст Моор ог Ромсдал - Møre og Romsdal Røde Kors, Норвешка, меѓу кои и претставник од националното друштво на Црвен крст Норвешка. Целта на посетата беше запознавање на активностите и програмите на двете организации, размена на искуства, согледување на добри практики, како и дефинирање на приоритетни области за понатамошна соработка. Официјалниот дел на посетата беше одржан на 20 септември 2025 година, кога во просториите на Црвен крст Охрид беше свечено потпишан

Меморандум за соработка. Документот го потпишаа Претседателот на Црвен крст Моор ог Ромсдал - Møre og Romsdal Røde Kors, г-дин Øystein Valde и Претседателот на Црвен крст Охрид, г-дин Сашо Точков. Со потпишувањето на овој меморандум, официјално започна и твининг програмата за соработка помеѓу двете организации, и истата ќе овозможи заеднички активности во следните области: Младински активизам, Волонтерски менаџмент, Ментално здравје, Подготвеност за дејствување во итни ситуации и кризи, Спасување на вода и планина, Прва помош, Социјални услуги.

- Работилница за ментално здравје- Во рамки на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу Црвен крст Охрид и Црвен крст Møre og Romsdal Røde Kors, во периодот од 10 до 12 октомври 2025 година, 8 волонтери од Црвен крст Охрид учествуваа на работилница за ментално здравје во хотел Солферино, Струга. Преку интерактивни активности, нашите волонтери учеа како да ги препознаваат и изразуваат емоциите, како да градат респектна и емпатична комуникација, како и што значи да се создаде простор каде секој се чувствува сигурен, прифатен и свој. Искрено се заблагодаруваме на волонтерите и тимот од Црвен крст Møre og Romsdal Røde Kors за оваа прекрасна можност за учење, дружење и споделување искуства. Овие заеднички активности не само што ја продлабочуваат нашата поврзаност, туку и ја зајакнуваат соработката меѓу двете организации на Црвен крст – создавајќи силни врски на пријателство, доверба и хуманост што ќе продолжат да се градат и во иднина.

- Посета на Црвен крст крст Мор ог Ромсдал од Норвешка - По потпишувањето на меморандумот за соработка помеѓу Црвен крст Моор ог Ромсдал - Møre og Romsdal Røde Kors, и Црвен крст Охрид и официјално беа поставени темелите за почеток на заедничка меѓународна соработка во рамки на твининг програмата за меѓународна соработка. Од 5 до 10 ноември шестчлена делегација на Црвен крст Охрид беше во возвратна посета на Црвен крст Мор ог Ромсдал, Норвешка со цел заеднички да се изработи планот за акција и дефинираат конкретните подрачја и активности на делување во наредниот тригодишен период на соработка. Во делегацијата на Црвен крст Охрид покрај претставници на раководната и управната структура на организацијата, беа и претставник на младите, на Центарот за безбедност на вода и на Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид. Прекрасните домаќини не запознаа со активностите на организацијата, посветувајќи посебно внимание на програмите со кои се опфатени младите, здравствените програми, програмата за нега на стари лица како и делувањето на службите за пребарување и спасување на вода и планина. Се запознавме и уживавме и во знаменитостите и убавините на овој прекрасен регион распослан на фјордовите на Норвешко море во најсеверниот дел од западна Норвешка. Имајќи ги во предвид капацитетите и потенцијалот на ресурсите со кои располагаат двете организации, како и посветеноста на волонтерите, заеднички беше заклучокот за потребата од размена на знаења, вештини и искуства во соодветните области. Токму на тие основи претставниците на двете организации го разработија и дефинираа планот за акција и насоките за заедничка соработка во наредниот период. Во рамки на посетата претставниците на Црвен крст Охрид имаа можност да учествуваат во редовните годишни работни сесии на преку 300 волонтери на Црвен крст Мор ог Ромсдал во најразлични области на делување на Црвениот крст.Во таа прилика беше презентирана и работата на Црвен крст Охрид, како и убавините на Охрид и Македонија.

- На 03.11.2025 во просториите на Центарот на Планинската Спасителна Служба се одржа промотивниот настан со кој се означи почетокот на реализација на проектот „Волонтери во акција за безбедност на граѓаните и заштита на природата“. Носител на проектот е Црвен крст Охрид и истиот е финансиран од Европската Унија, преку ИПА 3 програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија. Покрај останатите активности, со овој проект ќе биде обезбедена опрема и теренски возила наменети за ПСС и ќе бидат спроведени два циклуси на заеднички обуки. Првиот со волонтерските тимови за спасување на планина од соседна

Албанија, а вториот со ренџерската Служба која делува во рамки на Националниот Парк Галичица. Целта е зголемување на капацитетите на волонтерските служби во прекуграничниот регион во согласност со меѓународните стандарди.

- Означен почетокот на реализацијата на два проекти финансирани во рамките на ИПА 3 Програмата за меѓугранична соработка со Република Албанија -На ден 01.12.2025, на пригодна свеченост во просториите на Планинската спасителна служба на Црвен крст на Охрид, беше означен почетокот на реализацијата на два проекти што се одобрени во рамките на првиот повик од ИПА III Програмата за меѓугранична соработка со Република Албанија, и тоа: „Волонтери во акција за безбедност на луѓето и заштита на природата“ и „Крушево и Елбасан – патување низ природата и авантурата“. На свеченоста, свои обраќања имаа Сашо Точков, претседател на Црвен крст на Охрид, Златко Перински, министер за локална самоуправа, Михалис Рокас, амбасадор на Европската Унија во Северна Македонија, Еридана Чано, генерален директор на Државната агенција за стратешко програмирање и координација на помош во Република Албанија, Кирил Пецаков, градоначалник на Општина Охрид и Нико Чонески, градоначалник на Општина Крушево. Исто така, потпишани беа договорите за национално кофинансирање меѓу Министерството за локална самоуправа и носителите на проектите, како и Договорот за партнерство за техничката помош на Програмата за прекугранична соработка со Албанија. Црвен крст на Охрид е носител на проектот „Волонтери во акција за безбедност на луѓето и заштита на природата“ и ќе го спроведува во партнерство со Националниот сојуз за планинско спасување, Јавната установа Национален парк Галичица, Општина Пеќин од Албанија и Албанската федерација за планинарство и планински туризам. Во рамките на овој проект предвидени се низа активности што ќе придонесат кон јакнење на спасувачките капацитети, безбедноста и заштитата на животната средина во Северна Македонија и Албанија. Времетраењето на проектот е 30 месеци.
-

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Северна Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои сепредвидени со тие прописи.

Во текот на изминатата 2025 година, Службата за барање на Црвен крст Охрид немаше ниту еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2025 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.